МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

СВЕТИ НИКОЛЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

СТУДИСКА ПРОГРАМА: КАЗНЕНО ПРАВО

МАГИСТЕРСКА РАБОТА

ПЕРЕЊЕ ПАРИ КАКО ОБЛИК НА НЕЛЕГАЛНА ФИНАНСИСКА АКТИВНОСТ

СТУДЕНТ: ДЕНИ ПЕТРОВСКИ

БРОЈ НА ИНДЕКС: М247052

МЕНТОР: ПРОФ.Д-Р МАРИЈА ГРОЗДАНОВСКА

Свети Николе, 2025

Апстракт

Перењето пари денес е многу распространета појава. Се појавува како облик кој го следи организираниот криминал, кој на криминалните организации им овозможува легализација на средства стекнати со криминални дејности. Облиците на оваа организирана криминална дејност не се секогаш лесно воочливи и препознатливи, што значително ги отежнува како националните така и меѓународните напори во преземање мерки за ефикасно спречување и сузбивање на оваа појава. Перењето пари е дел од економскиот криминалитт и според степенот на општествена опасност спаѓа во најтешките видови на овој криминалитет, бидејќи ги погодува основните темели на дравата и нејзиниот систем. Самите последици од перењето пари се многубројни и се јавуваат во различни облици и на различни начини, но сите заедно имаат еден заеднички ефект во однос на државата и меѓународната заедница кој се гледа во дестабилизација и преобразба на постоечките социјални структури со создавање нови општествени групи богаташи.

Проблемите со перењето пари го погодуваат целиот свет, па сите земји се борат да го искоренат овој вид на криминал. Земјите кои несоодветно се спротивставуваат на перењето пари имаат голем проблем, затоа што не се интересни за странски инвестиции, со што се осудени на економска пропаст. Со оглед дека перењето пари е глобален проблем, неопходно е да се делува и на планот за јакнење на меѓународната соработка во оваа област за да се постигне успех во неговото решавање.

Клучни зборови

Перење пари, трансакции, тероризам, мерки, спречување.

Содржина

Апстракт..... 1

ВОВЕД 6

Методологија 9

Глава 1 ПЕРЕЊЕ ПАРИ 11

1.1 Појмовно одредување на поимот перење пари 11

1.2 Историја на перење пари 12

1.3 Криминализација на перење пари 13

1.4 Фази на перење пари 14

1.5 Методи и техники на перење пари 19

ГЛАВА 2 ТИПОЛОГИЈА НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ 26

2.1 Типологија на перење пари кај правни лица 26

2.1.1 OFF shore финансиски центри 26

2.2 Настанок на земји – даночни раеви 28

2.3 Облици на работа во земјите даночни раеви 30

2.4 Користење на нерезидентни сметки во процесот на перење пари 33

3 Типологија на перење пари кај физички лица 34

3.1 Криумчарење пари 34

3.2 Користење на кредитна линија 35

3.3 Дознаки од странство 35

4. Перење пари како облик на финансирање на тероризам 35

4.1 Појмовно одредување на финансирање тероризам 36

4.1.1 Типологија на финансирање тероризам 37

4.1.2 Извори на финансираање тероризам 37

4.1.3 Цели на борбата против перење пари 39

ГЛАВА 3 МЕРКИ ЗА СУЗБИВАЊЕ И ПРЕВЕНЦИЈА НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ 41

3.1 Откривање и докажување на кривичното дело перење пари 41

3.2 Мерки за сузбивање и превенција на перење пари 44
3.3 Контрола при внесување и изнесување на пари и други финансиски инструменти во една земја 46
3.4 Одземање на средства стекнати со криминална активност 47
3.5 Улога на современото банкарство во спроведување на мерки за превенција на перење пари 48
3.5.1 Инструменти на првокласни банки како средство за перење пари 51
3.5.2 Поврзаност на ризикот во работата со ризикот од перење пари 53
3.6 Економски и социјални последици од перење пари 54
ГЛАВА 4 ИНСТРУМЕНТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ 57
4.1 Организации и документи на меѓународно ниво 57
4.1.1 Улогата на FATF (Financial action task force) 61
4.1.2 MONEYVAL - Избран комитет на експерти за оценување на мерките против перење пари на Советот на Европа 64
4.1.3 Егмонт група 65
4.2 Директивни на Европска унија 66
4.3 Интерпол 68
4.4 Европол 70
4.5 Поврзаност помеѓу организиран криминал, перење пари и корупција 72
ГЛАВА 5 АНАЛИЗА НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ВО ПОВЕЌЕ ЗЕМЈИ 75
5.1 Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам во Република Хрватска 75
5.2 Законодавство во Република Србија 76
5.3 Република Словенија 77
5.4 Законодавството на Соединетите Американски држави 78
5.5 Законодавство во Германија 80

ГЛАВА 6 ПЕРЕЊЕ ПАРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 81
6.1 Законска регулатива во Република Северна Македонија 81
6.2 Начини на спречување перење пари во банките 82
6.3 Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам 84
6.4 Државни органи за спречување на перење пари 86
6.5 Субјекти на мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам 87
ЗАКЛУЧОК 91
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 94

ВОВЕД

Со оглед на тоа дека во науката и стручните дела, како и во позитивното законодавство не постои општоприфатена дефиниција за организиран криминал, логично е да постојат значајни разлики во однос на важните сфаќања на карактеристиките и поединечни облици на оваа појава. Имајќи во предвид дека организираниот криминал се манифестира во посебни форми, и во различен обем и идентитет, меѓународните тела и национални институции, како и авторите на одреден начин се определиле за разновидна типологија на појавните облици на организираниот криминалитет. Таа резултирала во одредени конвенции и позитивни законодавства имплементирани во поединечни облици на организирано криминално дејствување.

Секретаријатот на Обединетите нации, во подготовките за V Конгрес на ОН, по прашањата за превенција на криминалот и третманот на пристапници, во Женева 1975 година, идентификувал повеќе категории на транснационален криминал и тоа перење пари, нелегална трговија со наркотици, мито и корупција на јавни службеници, инфилтрација во легални работи, предизвикување на лажен банкрот, измами во врска со осигурувањето, компјутерски криминал, кражба на интелектуалната сопственост, нелегална трговија со оружје, терористички активности, киднапирање авион, морска пиратерија, трговија со бело робје, трговија со човечки органи, кражна на уметнички дела и културни добра, еколошки криминал, други прекршоци направени од групи за организиран криминал.

Појавата перење пари, не е нова, но нејзината актуелност станала значајна со тенденцијата на криминалните организации, финансиските средства настанати со криминални активности, заедно со носителите на политичкото влијание да станат голем предизвик и ризик по правниот систем и безбедноста на секое општество во кое егзистира таквата појава. Развивајќи своевиден парасистем во големиот број земји посебно оние во транзиција, но и не само во нив, таквите организации со валкано стекнат капитал се наметнуваат како реалност во општеството. Перењето пари, во основа претставува легализација на капиталот стекнат со криминална дејност, а се состои од финансиски трансакции заради прикривање на вистинското потекло на парите и другите облици на капитал на пазарот.

Се состои во фалсификување на финансиска документација и манипулација во системот за меѓубанкарски трансакции. Последниве години значително се изразува во затајување на даноци, нелегална трговија со дроги и оружје, во организирана коцка, проституција и рекет, како и во процесите на приватизација на капиталот во бившите социјалистички земји на Источна Европа, како и во организираните криминални канали на Запад. Парите наменети за „перење“ може да поттикнат на различни недозволени активности, како што се недозволено производство, недозволена трговија, криумчарење, даночно затајување, шпиунажа, злоупотреба на службената положба и друго.

Овој облик на криминална дејност низ историјата секогаш одржувал конкретни општествени и економски можности, а до негова интернационализација довеле развојот на техничките случувања, посебно информациона технологија, како и процеси на глобализација и интернационализација на финансиско-пазарниот систем.

Иако појавата не е нова, во светот значајно е актуелизирана во средината на 1991 година, кога се откриле дека Меѓународната кредитна и комерцијална банка, со над четиристотини филијали и подружници во околу 70 земји во светот, служела за легализација на парите од клиентите кои капиталот го стекнувале од разни криминални активности. Неколку карактеристики го прават процесот на перење пари важен и влијателен, пред се ефектите од перење пари имаат влијание и на самиот организиран криминал, поттикнувајќи го развојот на криминални организации и професионализам.

Остварувањето профит е основна цел на организираните криминални дејности. Многу често со разни активности се остваруваат енормни суми пари, кои со самото тоа претставуваат незаконски стекната имотна корист. Извршителите на кривични дела настојуваат да ги легализираат приходите кои се стекнати со криминални активности или сакаат да ги прикажат дека потекнуваат од некои легални правни работи. Современите тенденции во борба против сите облици на криминалитет, ја насочуваат активноста против криминалитетот на кривично правните мерки на казнената политика, заплена на средства стекнати со криминална дејност и оневозможување на вклучување на таквите средства во легални финансиски текови. За да може непречено да се користат така стекнатите пари, тие мора да бидат „испрани“, односно легализирани.

Во таа смисла учесниците во перењето пари, прибегнуваат кон разни финансиски трансакции со цел прикривање на нивното вистинско потекло, да ги направат легални средства на пазарот на пари, што им обезбедува нормално користење во деловните односи во кои го пласираат својот капитал. Перењето пари е пратечка појава на организираниот криминал, но и на другите облици на криминално делување, која на сторителите им носи противзаконска имотна корист, бидејќи капиталот стекнат со криминални дејности го користат преку легални текови во рамките на производството, трговијата, платниот промет и слично. Како пратечка појава на криминални дејности, присутно е во земјите ширум светот, се врши на разни начини и се манифестира преку различни форми. Во современите услови добива комерцијални видови, манифестирајќи се како недозволен бизнис кој на поединечни национални економии им предизвикува големи штетни последици.

Перењето пари е пратечка појава на состојбата во националната економија. Причина за оваа состојба е пореметувањето на понудата и побарувачката на стока и услуги и средства за плаќање, услови за работење, невработеност, што доведува до шверц на стока и илегална трговија со средства за плаќање. Сивата економија во националните економии претставува значаен сегмент кој влијае на обемот на перење пари. Исто така и тероризмот и неговото финансирање претставуваат сериозна закана на националната, регионалната и меѓународната соработка и економскиот развој. Ниедна земја не е безбедна од влијанието на перење на пари или тероризам и ниедна нација која делува сама не може ефикасно да се бори против перење пари и финансирање тероризам. Банките и другите финансиски организации можат да бидат користени како посредници за трансфер и депонирање средства чиј извор е во криминалните активности. Криминалците и нивните соработници користат финансиски систем заради вршење на исплата или пренос на средства од една сметка на друга со цел да се сокрие изворот и сопственикот корисник на тие пари.

Банките кои овозможуваат активности за перење пари се соочуваат со ризици, како што се кредитен ризик, ризик од измама и ризик од загрозување на репутацијата, кои можат да предизвикаат сериозни правни и финансиски потешкотии, но и многу сериозни последици за самото работење на банките. Почитувањето на законите, правилата и стандардите помага во одржување на репутацијата на банката и со што се исполнуваат очекувањата на клиентите, пазарот и општеството во целина.

Перењето на пари е процес на движење на илегално стекнати средства преку циклус на транформација со цел на крајот да се добијат привидно чегални стекнати средства. Перењето пари, како криминална појава, е се поприсутна и порастот е поврзан со развојот на организираниот криминал кој настојува на тој начин да ги легализира парите стекнати со криминал.

Терминот перење пари настанат е во САД, во дваесетите години на XX век, кога во период на прохибиција, криминалците парите заработени со илегално производство и криумчање на алкохолни пијалоци ги прикажувале како заработка која ја остварале во синџирот на своите перални за перење облека и перење автомобили.

Методологија

На почетокот на трудот е даден воведот, по што следуваат главите во кои се даде подетален приказ на темата, заклучни согледувања, како и литературата која е користена при самата изработка. Во воведот се обработува актуелноста на проблематиката.

Потоа следува дефинирање на предметот, целите на истражувањето, методите кои се користеа во текот на изработка на трудот. На крајот, следуваат заклучни согледувања, во кои се даде осврт на целата материја која е изложена во трудот. При теориската анализа се користеше научна и стручна литература, како на домашни, така и на странски автори, останати научни натписи на интернет страни кои се однесуваат на проблематиката на овој истражувачки труд. Неисцрпен извор на информации е истражувањето на интернет, за пронаоѓање на објаснување за сите нецелосни, неточни или збунувачки информации.

При изработка на трудот, се користеа следниве методи:

- Метод на теориска анализа
- Метод на индукција и дедукција
- Метод на дексрипција
- Метод на докажување
- Статистички метод
- Компаративен метод.

Проблемот со перење пари е исто така изразен и во Република Северна Македонија. Македонија како мала и независна држава многу често е мета на перење на пари, па затоа се преземаат бројни активности за активно учество и придонес во борбата против перењето пари. Иако не е членка на Европската Унија, сепак има ратификувано некои од меѓународните инструменти, како што се Конвенцијата на ОН против нелегална трговија со наркотични дроги и психотропни супстанции, Конвенција за перење пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист прибавена со кривично дело, Конвенција на ОН против транснационалниот организиран криминал, Меѓународна конвенција за спречување на финансирање на тероризмот и други.

Целта на истражувањето се гледа во поврзаноста на сите елементи кои се содржат во магистерскиот труд, почнувајќи од перење на пари и негово спречување. Целта на трудот е да се проучат, споредат и систематизираат сите облици, канали и елементи на перење пари. Потоа согледување на положбата и улогата на овие криминални активности во модерни услови на работење.

Глава 1 ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Перењето пари, пред се е илегална активност со која настојува да се прикрие трагата на парите кои се ставени во регуларни парични текови. Постојат бројни дефиниции за перење пари, како и стручни и научни дела на таа тема.

1.1 Појмовно одредување на поимот перење пари

Поимот перење пари како во законодавството, така и во науката, нема општоприфатена дефиниција. Причината за тоа лежи во различни појдовни аспекти при дефинирање на поимот перење пари, кои можат да бидат правни, економски или социолошки[1]. Со оглед на тоа дека процесот на перење пари неретко има меѓународен карактер на кој му претходи различност на казнени дела, во литературата се појавуваат неколку дефиниции за перење пари.

Перење пари е секоја техника која е насочена на претворање на нечесниот и незаконски стекнат приход така што ќе се направи чесна и законска заработка[2]. Според друг автор, перењето пари најкратко може да се дефинира како претворање на илегално остварена добивка во економски легална[3]. Според Крамариќ, перење пари е криминална активност на банкарско сметководствени стручни лица кои со фалсификување на деловната документација, парите стекнати со криминал ги прикажуваат како пари, добивка стекната со дозволени економски активности[4]. Claessens наведува дека терминот перење пари се однесува на промена на обликот на незакнски стекнати пари така што ќе изгледаат легални, односно тоа е прикривање на незаконски извор на приходи или нивно користење[5]. Според Lilley традиционално, перењето пари се смета за чистење на валканите пари произлезени

[1] Irvin, A.S.M., An analysis of money laundering and terrorism financing typologies, Journal of money laundering control, vol.15, br.1, 2011
[2] Hersak, G.B., Pranje novca I policija, Policija I sigurnost, vol.2, br.3-4, 1993
[3] Novoselec, P. Uvod u gospodarsko kazneno pravo, Zagreb 2009
[4] Kramaric, I., O pravnim aspektima pranja novca, Odvjetnik, vol.69, br.3-4, 1998
[5] Claessens, R., Money laundering, 2000

од незаконски активности кои во колективната свест веројатно се поврзани со продажбата на дрога[6].

И покрај бројните дефиниции за дефинирање на перењето пари, заедничко им е дека перењето пари се смета за процес кој се сосотои од една или повеќе криминални активности, со цел прикривање на трагите на потекло на незаконски стекнатите пари или добивка. При тоа, се искористува финансискиот, а е почесто и нефинансискиот сектор и струка. Перењето пари не ја покрива само вистинската природа на парите или нивното потекло, туку исто така го сокрива и стореното казнено дело од кое произлегле. Наведеното значи дека перењето пари без претходни криминални активности не постои, што укажува на нераскинлива врска меѓу организираниот криминал и перењето пари. Со други зборови, казненото дело перење пари е секундарно казнено дело до кое доаѓа откако ќе се направи главното казнено дело, со кое е стекната одредена имотна корист. Како што е веќе наведено, перењето пари е дефинирано како постапка со која се прикрива вистинскиот извор на пари, или некој друг имот за кој постои сомнеж дека е стекнат на незаконски начин во земјата, или во странство, вклучувајќи[7]:

- Замена или било каков друг пренос на пари или друг таков имот
- Прикривање на вистинската природа, локација, располагање, сопственост или права во врска со пари или друг таков имот
- Стекнување, поседување или употреба на пари или друг таков имот.

1.2 Историја на перење пари

Се смета дека феноменот перење пари е познат од многу одамна, од кога постои потребата за прикажување на нивното вистинско потекло. Историчарот Sterling Seagrave тврди дека перењето пари се појавило уште пред 4 илјади години и дека всушност, почетници се кинеските трговци, на она што денес го нарекуваме offshore работење и избегнување на даноци. Но, современото поимање на перењето пари се поврзува со американската прохибиција, во 1920 година од минатиот век. Токму прохибицијата во САД

[6] Lilley, P., Dirty dealing, the unfold truth about global money laundering, London 2000
[7] Orlovic, A., Gospodarsski kriminalitet u RH, REDAK, Split 2013

резултирала со појава на голема количина „валкани пари“ кои требало да се легитимираат на некој начин. Се претпоставува дека во тој период криминалците поседувале перилни за облека, како легална работа, преку чие работење голема количина на пари лесно се прикажувале како легално стекнати пари.

Затоа изразот „перење пари“ буквално и фигуративно е поврзан со перална. Со тек на време, изворите за прибирање на валкани пари стануваат разновидни и поврзани со разни казнени дела, како што е криумчарење на оружје (1970-те), продавање дрога (1980-те), а на почетокот на новиот милениум и со тероризам (2001 година). Според некои извори, поимот перење пари корени влече од 70-те години од минатиот век. Во литературата се споменува дека изразот „перење“ го промовирал лондонскиот The Guardian во врска со познатата афера на Никсон, Watergate во САД, во 1973 година[8]. На почетокот на 1980-те години, споменатиот израз се сретнал и во документите на Советот на Европа[9].

Терминолошки, изразот „перење пари“ заживеал не само во Америка, туку и пошироко, посебно меѓу академските кругови. Перењето пари најчесто е поврзано со трговијата со дрога, украдени автомобили, трговија со луѓе, проституција и останати облици на организиран криминал. Во судската пракса, поимот перење пари, прв пат е употребен во САД во 1982 година, во судската одлука за одземање „перени“ пари за кои е утврдено дека потекнува од трговија со наркотици. Во 1991 година, Crime, Law and Social change објавиле најдолг било кога објавен натпис, со осврт на обликување на движењето во борба против перењето пари[10].

1.3 Криминализација на перење пари

За самата појава перење пари, не може со сигурност да се утврди кога за прв пат се појавила историски, додека криминализацијата на парењето пари е понов поим[11]. На почетокот, вниманието било насочено кон примарно казнено дело со кое е остварена имотна корист, пи што одземањето на имотна корист се сметало за доволна казна за сторителот на

[8] Cindori, S., Unapredenje sustava sprecavanja pranja novda RH I uskladivane s medjunarodnim standardima, Zagreb 2009
[9] Giunio, M., Mjere za sprecavanje pranje novca, Slobodno poduzetnistvo, vol.5, br.5, 1998
[10] Levi, M., Evaluating the control of money laundering and its underlying offences, vol.15, br.2, 2000
[11] Dokic, S., Kriminalisticko istrazivanje kaznenog djela pranja novca, Rijeka, 2017

примарното казнено дело. Криминализацијата на перење пари следувала откако државите се освестиле за штетноста на појавата перење пари и нејзината распространетост.

САД е првата држава која перењето пари го пропишала како сојузно казнено дело со Законот за контрола на перење пари[12] од 1986 година. Конвенцијата на Обединетите народи против незаконски промет на опојни дроги и психотропни супстанци (таканаречена Виенска конвенција) од 1988 година, исто така пропишала криминализација на казненото дело перење пари, ама само во контекст на казнени дела поврзани со злоупотрба на дрога. Целта на криминализација на перење пари била со помош на текот на илегалните „валкани“ пари, да се идентификува казненото дело[13]. Перењето пари е облик на криминална дејност од понов датум, која иницијално на меѓународната платформа била поврзана со незаконска трговија на опојни дроги, за недолго после тоа да стане поширок транснационален феномен. Затоа, во контекст на сузбување на перење пари, важно место завзема меѓународната соработка.

Парите обично се перат преку работата на банкарскиот сектор, поради негова погодност за разни облици на злоупотреба поврзани со перење пари. Банкарството посебно вклучува широк спектар на активности како што се депозитни, кредитни и девизни работи, издавање, складирање, купуваање и продавање на хартии од вредност, платен промет во земјата, странски платни трансакции и многу други. Земајќи го во предвид широкиот распон на банкарски активности, целосно е оправдана перцепцијата дека прв одбрамбен чекор на финансискиот систем од перење пари е всушност добро развиено и регулирано подрачје на банкарско работење. Со оглед на неговата зачестеност, перењето пари е опишан како криинал на 90-те, па дури и како криминал на 21 век.

1.4 Фази на перење пари

Процесот на перење пари се разликува од држава во држава, зависно од неговата законска рамка и можноста за избегнување на плаќање данок. Иако постои разноликост на

[12] Money laundering control, Act public law 99-570, 1986, достапно на https://www.facebook.com/share/p/16gPxr3g3F/
[13] Cox, D., Handbook of Anti money laundering, Wiley, Chichester, 2014

овој процес, сепак во литературата доминира мислењето дека процесот на перење пари се состои од три основни фази и тоа[14]:

- Пласман;
- Прикривање;
- Интеграција.

Првата фаза е пласманот. Перењето пари е активност која се базира на готови средства, па тоа генерира голема сума на готови пари кои што потекнуваат од нелегални активности. Потоа овие пари се внесуваат во системот на финансиски институции или во малото стопанство, или пак се криумчарат надвор од земјата.

Целта на оние кои перат пари е да ја пренесат готовината подалеку од местото каде се вршат криминални активности за да не бидат откриени од страна на властите, при тоа можно е говотината да се транформира и во други видови на средства, како што се патнички чекови, поштенски марки и друго. Во тој процес се користат различни методи и техники, почнувајќи од купување на стоки и услуги до депонирање на пари во банкарскиот и финансискиот систем преку повеќе секундарни трансакции кои го прикриваат вистинскиот депонент.

За да се намали ризикот во оваа фаза, најчесто се користи операцијата „smurfing“ или разложување, така што сумата за перење се дели на помали износи, најчесто меѓу поединци или фирми и потоа се воведува во легитимниот бизнис. Откако главната сума ќе се подели на помали износи, понатаму со нив се купуваат финансиски инструменти, можат да се користат како депозити во банките или да се пласираат во легитимните дејности, како што се клубови, ресторани и казина.

[14] Трајкоски, Г., Спречување на перење на пари кај финансиските институции, Академски печат, Скопје, 2011

Графички приказ на фазата на пласман



Во втората фаза, се врши прикривање на изворот на средствата по пат на креирање на цел систем финансиски трансакции кои имаат за цел да го оневозможат следењето на трагата на сомнителните пари. Тука целта е да се прикрие трагата на нелигитимните средства со прекинување на документационата трага која се создала во првата фаза.


Карактеристично е дека целта на оваа фаза е да се одвојат нелегалните пари од нивниот криминален извор. Најчесто прикривањето се врши по пат на пренос на средствата на сметки на offshore сметки, или вложување на средствата во акции на доносител, односно компании школки. Пренесувањето на пари од нелегално потекло се врши по пат на електронски трансфер. Дневно во светот се вршат над 500 000 трансфери во вредност од над 1 трилион американски долари, а најголемиот дел од тие трансфери се легитимни, тешко е да се утврди дали еден таков трансфер на средства претставува перење пари или не[15].

И тука се користат разни методи и техники со цел прикривање на изворот на средствата и тоа преку оформување на фиктивни правни лица во offshore јурисдикции, преку повеќеслоен пренос и враќање на средствата, преку лажни трансакции и фиктивни фактури или преку вложување на парите на меѓународните финансиски пазари во акции или други хартии од вредност. Тука може да се напомене дека покрај електронскиот трансфер

[15] Boskovic, G., Pranje novca, Beograd, 2005

на пари, криминалците во оваа фаза се занимаваат со трансакции на пазарот на хартии од вредност.


Графички приказ на фазата на прикрива



Трета фаза во процесот перење пари е интеграцијата, каде што парите се интегрираат во легитимниот економски и финансиски систем и тие претставуваат дел од вкупните средства во тој систем. Интеграцијата на испраните пари во економските текови се постигнува така што криминалното лице или група тврди или докажува дека парите се стекнати на легален начин[16]. Значи, целта на интеграцијата е повторно враќање на испраните пари кај сопственикот кој ги користи за свои потреби. Во оваа фаза е невозможно правењето разлика помеѓу легалниот и нелегалниот имот.

[16] Boskovic, G., Pranje novca, Beograd, 2005

Графички приказ на фазата на интеграција



При анализа на трите фази на перење пари, треба да се напомене дека најризична за оние кои перат пари е првата фаза, фаза на пласман, каде има најголема можност од откривање на процесот на перење пари, но ако се дозволи нечистите пари да влезат во системот на финансиски институции, натамошното откривање и гонење на овој криминал е се потешко, дури и невозможно.

Во табелата се наведени неколку примери за перење пари во одделни фази од процесот:

Табела 1. Примери за перење пари во одделни фази

Пласман	Прикривање	Интеграција
Готовината се вложува во банка, понекогаш со соучесништво на вработен	Електронски трансфер во странство	Лажни отплати на кредити или фалсификувани фактури кои служат како покритие за испраните пари

или заедно со приносите од легалниот бизнис		
Готовината се извезува	Готовината се вложува во банкарски системи во други земји	Комплекс од трансфери, кои ја прават истрагата по оригиналниот извор на средствата речиси невозможна
Готовината се користи за купување скапоцени предмети, имоти или за вложување во бизнис	Продажбата на средствата	Приходите од имотот или легитимните бизниси кои се појавуваат како чисти

1.5 Методи и техники на перење пари

Перењето пари претставува процес кој го користат недостатоците на националните економии со цел да овозможи брз трансфер на профит. Во услови на глобализација и отвореност на националните економии процесот на следење на перењето пари и финансискиот криминал станува сè покомплексен.

Севкупниот проблем кој излегува од процесот на перење пари посебно е изразен во Република Северна Македонија, како и во сите земји во транзиција, каде што се создадоа суштински промени во однос на природата на казнивите дела, па така врз основа на помошта на измамите и организираниот криминал се создадоа значителни незаконски приноси што го попречуваат развојот на пазарната економија и демократија. Она што е карактеристично за процесот на перење пари е тоа што овој процес не ги засега деловните субјекти и институциите на системот, туку истиот поседува комплетно влијание врз секојдневниот живот на обичните граѓани, па врз основа на ова перењето пари може да создаде ширење на девијантните појави во општеството, како и потенцијална опасност која може да се појави како резултат на преземање на управувањето со финансиските институции од страна на криминалните групи, корелација помеѓу даночното одбегнување и перењето

пари, како и нелојална конкуренција помеѓу субјектите коишто перат пари и чесните компании.

Врз основа на фактот што навистина е тешко да се квантификуваат сите целосни негативни ефекти кои произлегуваат од процесот на перење пари врз економскиот развој, сепак станува очигледно и јасно дека ваквата активност која има криминален карактер негативно влијае врз оние финансиски институции коишто поседуваат суштинско значење за економскиот развој. Врз основа на сето ова, неопходно е сите земји насекаде во светот да изработат ефикасни програми со помош на кои ќе се создаде, односно ќе се креира план за спречување на перењето пари со кој ќе се овозможи јакнење на националната економија.

Перењето пари во денешни услови на стопанисување, главно, се врши преку финансискиот систем кој се појавува во секоја развиена или помалку развиена држава. Финансиските системи претставуваат плодна почва за развој на овој вид на криминал, пред се, поради асортиманот производи и услуги што ги нудат овие институции, кој е навистина широк. Таквиот широк асортиман на некој начин ја поттикнува креативноста на криминалците и им овозможува користење различни техники, односно различни мерки и инструменти во процесот на перење пари.

Самите начини на перење пари константно се приспособуваат и се усовршуваат во однос на техничко технолошки напредок и развој на економските односи на државен и меѓународен план. Во најголем број земји во светот трговијата со дрога претставува главен извор на нелегален профит. Но, значаен пораст бележи и криминалот кој не е поврзан со трговијата со дрога, туку доаѓа до затајување на данок, шверц, финансиски измами, рекетирање и слично. Измамите, трговијата врз основа на привилегирани информации, мито и шеми на компјутеризирани измами, исто така можат да донесат голем профит.

Техниките за перење пари во теоријата и практиката може да се поделат во зависност од изворите на приходи од кои се перат пари. Имено, доколку приходите се јавуваат како резултат на трговија со дрога, оружје или луѓе тие се изразени во готови пари, а перењето пари со помош на готовина спаѓа во т.н. традиционални техники[17].

[17] Bošković, G., Pranje novca, Beograd, 2005

Покрај традиционалните, во практика се среќаваат и современи техники на перење пари. Тука фактички спаѓаат сите безготовински начини на перење пари. Како најзначајни можат да се наведат: електронски трансфер на пари, употреба на парични картички, кредити, хартии од вредност, осигурителни полиси итн. Како современа техника за перење пари од посебен интересен е електронскиот трансфер на пари, кој се врши преку деловните банки во вид на дознака или преку брз трансфер на пари. Особено се интересни трансферите кои доаѓаат или се насочуваат кон земјите што претставуваат даночен рај и т.н. прекуморски банки лоцирани во нив[18].

- Употреба на фиктивни фактури и фирми „перачи“

Многу чести случаеви на перење пари во Македонија се оние со употреба на фиктивни фактури за извршени услуги, најчесто консултантски услуги, истражувања на пазарот и слично. Фирмата која што наводно е давател на услугата сама ја диктира цената на услугата која најчесто е преценета или воопшто не е извршена, што е особено тешко за докажување. Тоа само по себе претпоставува не само перење на парите, туку и намалување на обврската за данокот на додадена вредност, со што директно се врши даночно затајување. Ова може да се открие ако фиктивните фактури се однесуваат на промет на добра доколку се истражи потеклото на доброто и се докаже дека истото не постои, меѓутоа тешко е докажувањето кога се употребени фиктивни фактури за извршени услуги.

- Употреба на платежни кратички

Паричните картички се повеќе се злоупотребуваат во функција на перење пари. Тоа доаѓа до израз со купувањето стоки или користењето одредени услуги преку интернет. Тука тешко се утврдува идентитетот на купувачот. А треба да се има во предвид дека утврдениот идентитет не значи спроведување на политиката на запознавање на коминтентот. Тоа не е можно при купување преку интернет и употребата на паричните средства. На тој начин, криминалците лесно можат да ги исперат своите пари, преку нивниот пласман во одредени производи или услуги[19].

- Казина

[18] Bošković, M., “Pranje novca kao kriminološki i krivično-pravni problem”, Novi Sad, 2009
[19] Трајковски, Г., Спречување на перење пари кај финансиските институции, Скопје, 2011

Повеќето активности за перење пари се концентрирани во финансискиот сектор и во другите сектори, но и казината може да бидат искористени како место каде што нелегално стекнатите пари ќе се исперат и ќе се прикажат како добивка од игри на среќа. На пример, лице кое сака да ги легализира парите, може со поткуп или на друг начин да го принуди вработениот да му даде потврда за поголема добивка од онаа која ја остварил реално и притоа да не го ресетира купувањето/продавањето на жетони. Тоа е уште подобро изводливо ако сопствениците на казината се дел од организираната група.

- Кредит

Една од често користените шеми за перење пари во нашата земја е кредитот. Лицето зема кредит од банка, а истиот го отплаќа со валканите пари. Со успешно пласирање на парите тој дава објаснување за потеклото на парите, од заем, а исто така има и документација на заемот. Заемот исто така има бенефиции поврзани со даноците. Прво, заемот не се оданочува како приход, бидејќи тоа сепак не се ваши пари додека планирате да ги потрошите. Второ, под одредени околности каматата платена на заемите може даночно да се одбие. Ако перачот на пари има избор меѓу пријавување на парите како обиечн приход од некој офшор бизнис, одењето по патот на заемот ќе му заштеди дел од даноците. Во оваа шема перачот си ги позајмува сам на себе своите сопствени пари[20].

Спречувањето на перење пари е со силна врска поврзано со меѓународните институции и договори. Финансиските институции, а посебно банките во најголем број случаеви се посредници во борбата против перење пари, вклучувајќи и судски и регулаторни тела. Сите имаат една цел, а таа е да најдат одговор на прашањето како да ги спречат лицата да уфрлаат валкани пари во легални текови, а со самото тоа да создаваат огромна штета која има за последица негативни ефекти како на државата, така и на поединците.

Организираниот криминал има интернационален карактер, кој со тек на време се зајакнува и станува се поголема опасност од сите аспекти, како политички, државни, идеолошки. Ситуацијата е повеќе од сериозна, а тоа го сфатиле и челниците на меѓународните заедници и пристапиле кон дефинирање на правата и обврските на државите со задача за преземање на соодветни мерки, постапки и средства, а се заради намалување

[20] Дупчинова, С., Процесот на спречување на перење пари во РМ и во светот, Прилеп, 2012

или целосно сузбивање на криминалните активности. Како што напоменавме и погоре во трудот, перењето пари одамна ги има надминато границите на една земја и има глобален карактер.

Под меѓународна соработка се подразбира соработка на државните агенции за борба против перење пари, како и соработка со државниот врв, финансиските институции со почитување на меѓународните конвенции и препораки поврзани за перење пари.

Во борба против перење пари, меѓународни стадарди поставуваат:

- Обединетите нации;
- FATF, работна група за финансиски мерки за сузбивање на перење пари;
- Европската унија;
- Базелскиот комитет за банкарска супервизија.

Законските решенија од областа на спречување перење пари се сложени и опфаќаат различен спектар на делување на заштитните објекти и активностите на различни институции, при што не се мисли само на репресивниот апарат, како што е полицијата, туку и на ангажираноста на адвокат и други лица со различни професии, со цел да се спречи перењето пари, да се детектира и да се санкционира. Самите последици од перењето пари се многубројни и се јавуваат во различни облици, но сите заедно имаат еден заеднички ефект во однос на државата и меѓународната заедница, кој се гледа во дестабилизација и претворање на постоечките социјални структури со создавање на нова група богати луѓе во општеството.

1.6 Перење пари и тероризам

Перењето пари и тероризмот се два различни феномени кои на ист начин го користат финансискиот систем и така анонимно вршат финансиски трансакции, во овој случај перење пари со цел да се прикрие вистинското потекло на парите, а во случај на тероризам за да се обезбедат средства за негово финансирање и со самото тоа терористичко делување. Сличноста помеѓу перењето пари и финансирање на тероризмот се огледува во фактот дека и во двата случаеви финансиските трансакции се исти и се користат во криминални цели.

Разликата помеѓу овие два феномени се гледа во употребата на парите. Перењето пари и тероризмот имаат и некои заеднички карактеристики како што се тајност во организирање и дејствување, висок степен на организираност, планско вршење на зосторства, транснационално дејствување, стремеж кон инфилтрирање во структурите на власта и стекнување на политичко влијание, корупција на јавни службеници и органи на власта, поткопување на демократијата, слабеење на довербата на граѓаните во државните институции, како и продлабочување на економската криза и друго.

По пат на перење пари, се врши прикривање на вистинското потекло на парите кои се стекнати со криминални активности и функционирање на терористички групи, при што парите се користат како општо средство, но и како средство за негово финансирање и дејствување. Финансиската стабилност и обезбедени парични средства се од голема важност за успешноста и функционирањето на терористичките групи, при што парите се користат како општо средство за размена но и како средство за штедење и средство за вредност. Идејата за спроведување на било кој терористички чин, пред се бара значајни финансиски средства за да може да се преземе планираната активност, и со сигурност може да се каже дека терористичките организации најнапред мораат да обезбедат парични средства, а потоа да го планираат своето дејствување[21].

За терористичката група да биде успешна во остварување на своите цели мора да воспостави извори на финансирање и обезбедување начини на безбедна примена на тие средства што најчесто се врши по пат на перење пари. По пат на перење пари се обезбедуваат средства за планирање, организирање и вршење на терористички акции.

Финансирањето на тероризмот по пат на перење пари дефинирано е како многу сложен процес на разни односи кои се остваруваат заради обид, или успешно обезбедување или прибирање на средства или имот со намера да се користи, или со знаење да може да го користи, во целост или делумно, за изведување на терористички акт на терористите или терористичките организации[22].

[21] Некои податоци укажуваат дека за изведување на терористичките напади на 11 септември 2001 година во САД, потрошени биле дури 250 000 американски долари, при што трошоците за организациите и изведувањето на терористичките акции опфатиле и организација и изведување на бројни патувања, плаќање обуки, но и животни трошоци за учесниците во акцијата во текот на долгогодишната подготовка

[22] Сандиќ, К., Феномен финансирања тероризма путем прања новца и успостављање делотворног система контрамера, Војно дело, 2012

Терористичките групи и поединците терористи ги чуваат своите пари во било кој облик кој им е локално достапен, па прибирањето пари, кој не им е потребен за покривање на животните трошоци, вообичаено се префрла во готовина во други земји и никогаш не стигнува во деловните банки. Од таа причина, не е лесно, па и понекогаш е невозможно, да се следи текот на финансиските активности на терористичките групи за да се дојде до податоци за нивните сметки и средства кои ги користат.

Значи, односот на тероризмот и перењето пари се гледа во обезбедување на финансиските средства за егзистирање и делување на терористички групи, при што е потребно парите стекнати со нелегални активности да се легализираат и потоа непречено да се користат за потребите на терористичката група.

Често финансирањето на тероризмот се нарекува и „обратно перење пари“ или „валкање пари“ имајќи во предвид дека за финансирањето на тероризам се користат и средства од легални извори[23].

Бидејќи терористичките групи, значаен дел од финансиските средства ги обезбедуваат преку перење пари, терористите денес, заради сигурно финансирање на своите активности, се почесто користат услуги на легални финансиски институции и со користење на нивните услуги, го прикриваат перењето пари наменето за финансирање на организацијата.

Затоа, може да се заклучи дека перењето пари претставува активност преку која парите стекнати со криминални активности се употребуваат тајно, терористичките групи ги користат за финансирање на своите организации, односно за финансирање на тероризмот, што всушност претставува таен начин за употреба на пари со цел вршење на терористички дејности. Сето тоа е возможно преку комбинација на разни методи и средства, а тоа бара висок степен на професионалност и организирано дејствување.

[23] Станковиќ, Н., Тероризам и финансирање тероризма, Брчко, 2014

ГЛАВА 2 ТИПОЛОГИЈА НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ

2.1 Типологија на перење пари кај правни лица

2.1.1 OFF shore финансиски центри

При проучување на перењето пари и преземање на активности за сузбивање на оваа појава, посебно внимание треба да се посвети на off shore финансиски центри, односно даночни раеви. Спреде дефиницијата на ОН „Земја даночен рај или off shore институција е било која земја во светот во која банката прима депозити и управува со имот изразен во странска валута во корист на лице чиј постојано место за престој е во друга земја[24]“. При утврдување на дефиницијата се тргнало од критериумот пружање услуги и бенефиции на нерезиденти, а при тоа е земен во предвид фактот дека во повеќето држави во светот статусот на резидентот е примарен елемент за одредување на статусот на обврзникот.

Форумот за финансиска стабилност (The financial stability forum FSF) дефинирал дека „земји даночни раеви се оние земји кои имаат законодавство со ниски даноци за да привлечат одредени активности на нерезиденти[25]“.

Денес е вообичаено, даночни раеви да се нарекуваат местата каде што даноците, односно сите јавни давачки, се ниски или воопшто ги нема, а процедурите се крајно едноставни, со изразена заштита на финансиската приватност. Даночните раеви како земји во кои одредени видови приходи не подлежат на посебни оптоварувања осигуруваат посебни привилегии на меѓународни компании, со желба и цел да ги привлечат во своето подрачје.

Лоцирањето во даночен рај за меѓународна компанија значи можност на легален начин да се заштеди на данок. Но, освен даночни олеснувања важни критериуми за носење одлуки за избор на ваква локација се и политичката стабилност на земјата, развиен систем на комуникација и транспорт, слобода на конверзија на валути и слично.

[24] United Nations (1998), Financial havens, Banking secrecy and money laundering
[25] Financial stability forum, Report of the working group on Offshore centers

При процесот на глобализација за многу држави, тешко е да се одржат високи даноци, бидејќи денес на даночните обврзници лесно им е да ги префрлат своите обврзници и работа во подрачја со ниски даноци. Овој феномен е познат како даночна конкуренција. Конкуренцијата ги охрабрува државите да ги направат своите даночни системи поприврлечни за инвеститорите, но off-shore финансиските центри се нелојална конкуренција поради многу ниски или дури и непостоечки каматни стапки.

Во врска со таа проблематика, OECD идентификувале три клучни фактори врз чија основа некои земји, подрачја или места се сметаат за даночни раеви:

- Прво, потребно е конкретна земја воопшто да нема воведени номинални даноци, или да се воведени само за специфични случаеви. Исто така, потребно е земјата да се нуди како место кое нерезидентите може да го користат за избегнување на плаќање даноци во своите држави. Поголем број земји даночни раеви или немаат воведени даноци на приход или ако ги има, тие даноци се многу ниски. При тоа, карактеристично е ниеден off shore центар да нема воведено обврска за плаќање даноци на капитална добивка и данок за наследство. Во тие земји постојат договори за висината на даночната стапка, но и друга пракса кога доследно не применуваат правила, не вршат соодветен надзор и е оневозможен е легален пристап до финансиски податоци на даночни и други надлежни органи. Тоа се вообичаени карактеристики на земјите даночни раеви
- Второ, потребно е да нема транспарентност и размена на податоци со други држави
- Трето, потребно е земјата да има типична законодавна регулатива и административна пракса според која деловните и имотните податоци се заштитени со стриктни правила на тајност, вклучувајќи и заштита од увид и даночни истражувања на даночни органи, со што се спречува секој увид во податоците за даночните обврзници.

Постојат четири видови земји даночни раеви:

- Земји без данок (Бахами, Бермуди и Кајмански острови)
- Земји со даноци по ниска стапка (Британски и Девствени острови)
- Земји во кои се плаќа данок на приход од домашни, но не и на оние од странски извори (Хонг Конг, Либерија, Панама)

- Земји кои одобровуаат специјални привилегии, односно кои се сметаат за даночни раеви само за гранични цели (Монако, Лихтенштајн).

Во глобализиран свет на сурова конкуренција, ниска даночна стапка се користи како инструмент за привлекување на капитал. Земјите во транзиција, често се склони на претерување, обид баш тие да бидат шампиони на ниски даноци. Странските инвеститори добиваат прекумерни даночни бенефиции и се фаворизирани во однос на слабите домашни компании. Тоа е добро за странски компании, но лоши за државата и за нејзиниот буџет. Како што мора да се полни буџетот, државата го наведува даночниот товар на оние кои не можат да избегнат плаќање на данови, а даноците се ослободуваат од странските компании, кои кога би плаќале даноци многу би придонеле за пополнување на буџетот. Во овој случај може да се каже дека државите даночни раеви земаат од сиромашните и им даваат на богатите.

2.2 Настанок на земји – даночни раеви

Користењето на различни даночни законодавства заради избегнување или намалување на даночната обврска е старо колку и оданочувањето. Настанокот на земјите даночни раеви, во главно во пракса и теорија се врзуваат за развој на концептот на даночна конкуренција, на почетокот на XII век, иако според некои мислења тој даночен статус го имал Ватикан како прв пример на даночен рај, уште во осмиот век[26].

На забрзаниот развој на земји даночни раеви во поновата историја пресудно влијаеле Првата и Втората светска војна. После двата воени периода, дошло до драматичен раст на даночно оптоварување при потреба да се реконструира разрушената економија и општествениот развој. Швајцарија, која како неутрална земја ги избегнала тие трошоци, била во можност да одржи ниско ниво на даночно оптоварување на економијата и населението и со тоа станала лидер во привлекување капитал. Коинциденција е што Швајцарија јакнејќи го заонодавството за банкарската тајна во раните триесети од дваесетиот век, повеќе со цел да им помогне на луѓето да ги сокријат парите поради страв од нацистичкиот режим, а подоцна и од други причини, им паднала во очи на луѓето кои

[26] Hrustic, H., Oblici poslovanja u zemljama poreskog raja, Pravo I privreda, Beograd 2008

сакале да сокријат пари од легални и нелегални причини. На почетокот на XX век, швајцарските банки, кога станува збор за капитал, долго биле прибежиште за луѓе кои бегале пред револуционерните и воените закани од земји како Русија, Германија и Јужна Америка.

Сегашните модерни земји даночни раеви, во периодот после двете светски војни, поминале неколку фази на развој[27]:

- Во првата фаза, од 1920 до 1950 година, за тие земји, првенствено се поврзувало избегнувањето плаќање даноци на приход на граѓаните, во главно на богати поединци
- Во втората фаза, од 1950 година и понатаму, зголемен е бројот на земји даночни раеви, благодарение на интересот на корпоративните групи, кои со работење со тие земји значително ги намалиле своите даночни обврски. Нивната стратегија во главно се засновала на избегнување на двојно оданочување меѓу законодавствата со високи и законодавствата со нивки стапки на даночно оптоварување. При нагло зголемување на таквите даноци, поголем број земји ја укинале или ограничиле примената на договори за избегнување на двојно оданочување со мали земји, со што ги заштитиле своите јавни приходи кои се бираат по основа на плаќање даноци на добивка на корпорациите
- Во третата фаза, средината на осумдесетите години на минатиот век, повеќето земји даночни раеви, го измениле фокусот на своја легислатива. Тоа е направено со укинување на локалното оданочување и создавање на поволни услови за резидентни и нерезидентни деловни корпорации. Приспособувајќи се кон ситуацијата на светската политичка, економска и законодавна сцена, тие земји успевале и успеваат и ден денес да дојдат до средства кои се неопходни за нивни развој. За која количина на финансиски средства најдобро покажуваат официјалните податоци на реномирани меѓународни институции.

[27] Wouter, H., Christian, H., John, G., Anti money laundering, international law and practice, John Wiley & Sons, England, 2007

2.3 Облици на работа во земјите даночни раеви

Offshore финансиските центри денес имаат многу значајна улога во светскиот финансиски систем поради количината на пари кои се наоѓаат во нив и поради големите тешкотии да се следи нивното движење. Се претпоставува дека голем дел од тие пари се заработени на нелегален начин и дека од маричната земја е изнесен токму поради таа причина, односно за да се „испере“. Off shore финансиските центри им нудат на своите клиенти голем број услуги по многу ниски па дури и не постоечки каматни стапки.

Економските активности во off shore финансиските центри во светот се состојат од пружање на нерезидентите многу професионални услуги. Во тие услуги спаѓаат[28]:

- професионални финансиски услуги
- водење ивестициски фондови
- водење на инвестициски фондови
- банкарски услуги
- работи поврзани со осигурување
- работи поврзани за пензиони фондови
- трговски работи
- услуги на агенти
- услуги на даночно планирање.

При користење на услугите на финансиски посреедници, сопствениците на слободните средства депонираат средства во offshore центри, а тие преку посредници, ги пласираат во вид на заем или инвестиции и на тој начин, воглавно завршуваат во државите во кои е започнат нивниот трансфер. Иако со користење на овој начин, не се избегнува оданочување во државата, со него на сопственикот на средствата му се овозможува, врз основа на законодавствата на маричната и offshore земјата, да не бидат предмет на дополнително оданочување. Криминалците и терористите на тој начин успешно го прикриваат потеклото на средствата и со нивно воведување во легални финансиски канали ширум светот, овозможуваат идно финансирање на своите илегални активности.

[28] Financial stability forum, Report of the working group on Offshore centers, 2000

Холдинг корпорациите при користење на услуги од offshore центри, во тие земји пружаат значајни преедности во однос на матичната земја. При тоа, сопственикот на компанијата, кој е нерезидент, основа капитал кој потекнува од другата земја на компанијата во offshore центар. Со таа компанија подоцна управува од друг offshore центар, чиј резидент е компанијата мајка. Холдинг компанијата финансира трансакции на компанијата ќерка, а добивката, на крај на разни начини се трансферира во матичната земја[29].

Чест метод во работењето на така основаните компании е креирање на фиктивни трошоци, односно пренесување на профит од земја со висок даночен товар во земја со низок даночен товар. Тоа се постигнува со фактурирање на фиктивни трошоци по основа на наводно пружени услуги за консалтинг или осигурување, со што се намалува остварената добивка во матичната земја. Во тие случаеви off shore компаниите служат за рефактурирање. Тие едноставно вршат набавка на разни добра или договараат услуги во една држава, а ги продаваат во други држави. При набавка фактурираат стоки и услуги без изкажана разлика во цена, без профит, и оставруваат таканаречена трансферна цена. Подоцна, при продавање на стоката до крајниот купувач се врши фактурирање со изкажан профит и така профитот останува во компанијата основана во offshore земја. Скриен профит, остварен и интегриран благодарение на заокруженият циклус на перење пари, подоцна се користи за понатамошно работење на компанијата, а криминалците и терористите, односно нивните финансиери можат да ги користат за нелегални активности. Така остварените приходи лесно може да се пренесат понатаму, но и да се користат за финансирање на нелегални активности, па и за тероризам.

Пример за добро организирање за работа во offshore финансиските центри се offshore корпорациите, односно интернационалните бизнис корпорации. Тие работат и емитираат акции и обврзници, со што го зголемуваат својот капитал, во услови на непостоење на јавен централен регистер на акционери и во главно управуваат со разни инвестициони фондови. Најчесто мултинационални корпорации основаат offshore банки, преку кои управуваат со девизни операции и вршат интернационални вложувања. Матичната банка основа свои

[29] Сандиќ, К., Феномен финансирања тероризма путем прања новца и успостављање делотворног система контрамера, Војно дело, 2012

филијали во offshore центри со што се создава цел синџир на паралелни банки сестри. По основањето, банките сестри вршат услуги на администрирање на offshore фондови, вршат надзор, водат сметководство и вршат трансфер на средства[30].

Во off shore финансиските центри нема данок на капитал, данок на дивиденди и камати, данок на финансиски трансацкии, данок на добивка на корпорација и данок на капитална добивка и не постои даночна контрола. При тоа, се бара и мал број извештаи до регулторни тела. Во рамките на таков синџир лесно се прикрива трагата на средствата. Остварената добивка се трансферира во разни други видови имот, а подоцна може легално да се користи во разни цели ширум светот.

Имотните поединци и мултинационални компании имаат свој капитал во земјите даночни раеви, меѓу другото и поради желбата да се заштитат од потенцијална контрола на потеклото на средствата и нивната намена. Покрај тоа, отворање на сметка во offshore финансиска институција за нив е средство за избор кога се работи за доверливи информации како за самите нив, така и за нивните средства. Еден од факторите за користење на услуги на даночни раеви, секако е и стравот од заплена и конфискација на имотот и средствата, односно заштита која во тој поглед ја добиваат во тие средини.

Најпознати земји кои се се сметаат за подрачја даночни раеви во светот се[31]:

- во Европа: Андора, Кипар, Гибралтар, островот Ман, Мадеира и Швајцарија
- на Средниот Исток: Бахреин, Израел и Либан
- во Африка: Џибути, Либерија, Маврициус и Сејшели
- во Азија и на Пацификот: островок Кук, Макао, Маршалски острови, Западна Самоа, Тајланд и Сингапур
- на западната хемисфера: Антигва, Аруба, Барбадос, Белизе, Холандски Антили, Уругвај и Порторико.

Во таа група финансиски центри се вбројуваат и Хонгконг (со повеќе од 450 деловни банки), Сингапур (повеќе од 200 деловни банки) и Луксембург (повеќе од 200 деловни

[30] Сандиќ, К., Феномен финансирања тероризма путем прања новца и успостављање делотворног система контрамера, Војно дело, 2012

[31] US Department of Treasury, Financial crimes enforcement network, Washington, 2014

банки). Во широката јавност е помалку познато дека тие важни финансиски пазари на економски развиените држави, врз основа на погодноста и услугите кои ги нудат на клиентите, се вбројуваат во финансиски offshore центри.

Евидентно е дека таканаречените даночни раеви имаат многу значајна улога во сите видови на вршење незаконски дејности, а посебно во процесите на перење пари, како еден од најзначајните облици на финансирање на тероризмот и организираниот криминал. Организираните криминални групи и терористички организации активно и повеќекратно за финансирање на своите активности ги користат наведените можности, за да располагаат со своите фондови и средства без никаков сериозен страв дека ќе бидат откриени и спречени, односно дека тие средства ќе им бидат одземени и конфискувани, со што ќе бидат оневозможени или значително загрозени.

2.4 Користење на нерезидентни сметки во процесот на перење пари

Во контекст на перење пари, резидентни и нерезидентни сметки играат важна улога во фазите на прикривање и интеграција на нелегално стекнатите средства. Резидентни сметки се сметки кои ги отвораат лица или правни субјекти кои се резиденти на една држава. Криминалците овие сметки обично ги користат за првично депонирање на нелегални средства, трансфер на средства меѓу домашни сметки за да се прикрие потеклото, како и за инвестирање во имот, бизнис или луксузна стока.

Од друга страна, нерезедентна сметка е сметка на која се водат парични средства на нерезденти врз основа на договор кој е вклучен помеѓу нерезиденти и банката. Со off shore, нерезидентните сметки се индикатори за перење пари кои се наоѓаат на самиот врв бидејќи се карактеризираат со препознатлив, модерен и широко користен начин на работење на современото банкарство. Нерезидентните сметки се тесно поврзани со off shore зоните бидејќи трансакциите на off shore компаниите се вршат преку нерезидентни сметки кои се отворени во offshore зони во државите кои имаат соодветни услови (близина, развиен банкарски систем и слично). Начинот на кој се врши трансфер на пари преку нерезидентни сметки е следниот: компанијата offshore со отворена нерезидентна сметка во друга држава има фактура која легално се плаќа преку домашни банки на наведената сметка и така

трансферираните средства непречено се користат за лични потреби, повторно се уфрлаат во репродукцискиот циклус на криминалните активности или се обидуваат да ги легализираат во облик на инвестициски средства наменети за вложување во домашната економија и инфраструктура[32].

3 Типологија на перење пари кај физички лица

Постојат разни можности за перење пари од страна на физички лица. Само некои од типологиите се криумчарење на пари, трансакции со готови пари, невообичаени готовински депозити, поврзани трансакци, дознаки од странство, менувачки работи, користење на кредитни линии. И покрај суптилните, таинствени и сложени типологии на перење пари, крајната цел секогаш е иста, а тоа е прикривање на вистинското потекло на парите, задржување контрола над процесното перење пари и потреба за промена на обликот на незаконски средства кои се предмет на перење.

3.1 Криумчарење пари

Криумчарење пари е една од најстарите и наједноставни техники на перење пари која се појавува веднаш во првата фаза на полагање на парите каде во исто време се откинува очигледната врска помеѓу парите, нивниот сопственик и незаконскиот извор. Перачите на пари ја преферираат оваа техника поради нејзината ефикасност и не оставаат пишана трага, но ако се работи за личност која носи пари преку граница тогаш таа техника е воедно и најризична. Преносот на валкани пари најчесто се врши со банкноти по пат на „курири“, на ист начин како и дрогата или со префрлање на готовина во друга вредносна хартија, на пример чек. За максимално да се осигура откривање на вистинскиот извор на парите, перачите парите ги пренесуваат во земји кои имаат строги закони за тајност на банкарски сметки или во offshore зони кои се карактеризираат со лесно купување и основање компании, едноставно купување на акции и други вредносни хартии и други манипулативни активности.

[32] Perojevic, L., Analiza tipologija pranje novca, Split 2021

3.2 Користење на кредитна линија

Користење на кредитна линија со цел перење пари може да се користи на два начини, со користење на постоечките кредитни линии за поврат на незаконски стекнати среедства и подигнување на кредит за пласирање средства во незаконски цели. Самиот чин на подигнување кредит, без разлика на висината и намената, не претставува индикатор за препознавање на сомнителни трансакции. Сепак, со постоечката кредитна линија се врши повратна средства пред истек на договорениот рок што сигнализира претворање на валканите пари во законски. Целта на оваа активност е да дојде до последната фаза во перењето пари, а тоа е легализација на незаконски стекнатите пари.

3.3 Дознаки од странство

Дознаки од странство се сомнителни трансакции кои доаѓаат на сметките на резиденти и нерезиденти, дознаки со високи износи кои немаат оправдание, доаѓаат од offshore зони или не одговараат на кредитната способност на испраќачот. Дознаките од странство не спаѓаат во групата сомнителни трансакции ако се работи за редовни приливи на физички лица во вид на странски пензии, плати на лица кои се во работен однос на странски бродови, ренти и слично, од причина што тоа претставуваат редовни приходи, на ист примател и во главно се работи за исти или слични износи. Сепак, од наведените ситуации може да се сигнализира опасност ако дојде до отстапување од вообичаените трансакции на начин да се појават до две или повеќе трансакции во еден месец, повеќе трансакции кон девизната сметка на исто физичко лице и слично.

4. Перење пари како облик на финансирање на тероризам

Иако тероризмот како облик на политичко насилство претставува незаконска активност, а изворите на финансирање така влегуваат во сферата на пари стекнати со незаконски активности, тие сепак можат да бидат и законски. Најголем дел од средствата кои ги користат терористите во своите операции е стекнат од дрога, бело робје, наркотици, ретки скапоцени камења, уцени и слични активности кои спаѓаат во организиран криминал,

но сепак, многу важна улога во однос на доставување пари до терористички организации секако имаат организациите од хуманитарен карактер. Така на пример Хамас и Хезболах официјално се регистрирани како социјално добротворни организации. Самите техники на перење пари не се разликуваат од оние кои се користат за прикривање на изворите на финансирање на тероризмот, но постои разлика во однос на самата цел. Така, со перењето пари се настојува да се сокрие нивното незаконско потекло, додека со средствата наменети за финансирање на тероризмот се настојува да се прикрие крајната одредница и целта за кои се наменети истите.

4.1 Појмовно одредување на финансирање тероризам

Не постои еднозначно одредување на тероризмот, иако сите дефиниции се усогласени во тоа дека тероризот подразбира закана и употреба на сила со цел заплашување и остварување на политички цели, постојат и големи разлики во нивното толкување поради што Владите реагираат на тероризмот на различни начини, некои го толерираат, а некои дури и го поддржуваат. Но, тероризот не е имагинарен поим, неговите негативни ефекти се вистински додека под оправданоста на политичките цели, се уништуваат животи на невини луѓе. Но, се додека постои збунетост и разлики дури и во истражувачките кругови во однос на самото толкување и одредување на тероризмот, ни меѓународниот одговор на овој проблем не може да биде ефикасен во целост.

Според Меѓународната конвенција за сузбивање на финансирање тероризам на ОН, од 1999 година, казнено дело тероризам прави секое лице кое директно или индиректно, незаконски набавува или прибира средства со намера да се користат, или знаејќи дека ќе се користат, во целост или делумно, со цел спроведување дела кои претставуваат казнено дело дефинирано со додатокот на Конвенцијата или било кое друго дело чија намена е да предизвика смрт или тешка телесна повреда на цивили или кои други лица, кои не се активно вклучени во ситуацијата со вооружен судир, ако целта на тоа дело, по неговата природа или содржина ќе го заплаши населението или ќе присили некоја влада или

меѓународна организација на сторување некое дело или воздржување од сторување на било кое дело[33].

4.1.1 Типологија на финансирање тероризам

Типологијата без разлика дали се работи за перење пари или финансирање тероризма, генерално може да се дефинира како системска класификација или поделба на методи, техники и трендови разгледувано во еден временски период, а кои имаат повеќе заеднички карактеристики или обележја. Со цел пружање помош, како на сите обврзници, така и на сите тела на кои со закон им се регулирани улоги во системот за спречување перење пари и финансирање тероризам, канцеларииите за спречуваање пари вообичаено даваат или објавуваат информации за актуелни техники, методи и типологии за перење пари и финансирање на тероризам.

4.1.2 Извори на финансираање тероризам

Самата природа на финансирање терористички активности се разликува од една до друга терористичка организација, во зависност од тоа дали се работи за традиционална хиерархиска организација или за помала независна, децентрализирана организација која самостојно го спроведува своето финансирање. Финансиските потреби на терористите и терористичките организации се однесуваат на финансирање на сите директни трошоци во врска со терористичките операции, како што се трошоци за животните потреби на терористите и нивните семејства, плати, обука, патување и логистика, материјали за изработка на експлозиви, возила, надзорна опрема и слично, како и и пошироки трошоци на организацијата неопходни за развој и одржување на инфраструктурата, регрутирање членови и промовирање на идеологијата на терористичката организација, а кои кон тоа вклучуваат многу често и поддршка на хуманитарни организации и медиуми под контрола на самата терористичка организација.

[33] Pedic, Z., Neprofitni sektor I rizik od financiranja terorizma, Ekon misao i praksa, vol.19, no.1 2010

Во однос на пронаоѓање на финасиски средства, терористите се многу приспособливи и се финансираат од законски и незаконски извори, државни спонзорства, таканаречени сигурни пристаништа и таканаречени неуспешни држави. Привидна законитост, терористичките организации најчесто стекнуваат со злоупотреба на разни добротворни организации, законски деловни активности и самофинансирање. Атрактивноста на користење токму на добротворни организации се гледа во фактот дека се поблаго регулирани, дека тоа се организации од доверба и дека нивните активности многу често се одвиваат по пат на готовински трансакции. Самофиннсирањето подразбира користње на сопствени средства на самите терористи или нивни роднини, а неретко и парични средства на организации кои не се директно вклучени во спроведување на самиот терористички акт. Користењето на закоснки извори се нарекува и „black washing“ бидејќи чистите пари се претвораат во таканаречени црни пари чија цел е финансирање на потребите на терористичките организации. Незаконски извори на финансирање на тероризмот претпоставуваат употреба на средства стекнати со незаконски криминални активности како што е трговија со оружје, дрога, уцени и изнудување. Но, сепак, клучни извори за финансирање на тероризмот се државните спонзорства, таканаречени сигурни пристаништа, или пропаднати држави.

Табела 2. Однос на перење пари и финансирање тероризам

	Перење пари	Финасирање тероризам
Мотив	Профит	Идеологија
Извор на средства	Интерно, со криминални организации	Интерно, со самофинансирање, екстерно од доброволци до донатори
Начин	Дава преденост на официјални финансиски системи	Дава предност на кеш-курири и неофицијални финансиски системи како што се менувачниците
Се фокусира на	Сомнителни трансакции, како што се депозити кои не се карактеристични за имотот на муштериите или за	Сомнителни односи, како што се мрежни преноси помеѓу наизглед неповрзани страни,

	очекуваната активност, што укажува на понатамошни врски	кои укажуваат на трансакциски врски
Износи на трансакции	Крупни износи, често структурирани така што се избегнува обврската за известување	Мали износи, обично под границата за пријава
Финансиска активност	Комплексна мрежа на трансакции која често вклучува фирма или компанија параван, сопственик на акции и тајни оффшор прибежишта	Не постои финанскиски профил на активни терористи, според Комисијата 9/11 на САД
Движење на парите	Кружно, парите на крај доаѓаат во рацете на лицата кои ги создале	Линиски, генерираните пари се користат за ширење на терористички групи и нејзините активности

4.1.3 Цели на борбата против перење пари

Денес, повеќе од кога и да е, перењето пари и финансирањето тероризам претставуваат сериозни закани и ја загрозуваат како сигурноста, така и интегритетот на финансискиот систем. Затоа, од големо значење е воспоставувањето на ефикасна соработка на националните и меѓународни тела и да се поработи на подигнување на нивото на свест за тежината на наведената проблематика и последиците кои евентуално ги остава на економијата во делови од светот во смисла на спречување на економскиот раст и развој и нарушување на финансискиот интегритет.

Во денешно време, предностите на современата технологија, глобализација и последични економски интеграции го олеснуваат преносот на незаконски стекнати парични средства од една држава во друга и прикривање на вистинскиот извор на пари и понекогаш се стекнува впечаток дека незаконитоста е секогаш пред регулаторот, посебно во однос на примена на сите софистицирани методи и техники кои се користата за вршење криминални активности. Така, перењето пари всушност станал меѓународен феномент кој ги нагризува

сите темели на слободен и конкурентен пазар, финансиски интегритет и ја ослабнува економијата во делови од светот, правејќи ги многу ранливи.

Перењето пари ја загрозува стабилноста на финанскиот сектор и финансиските институции кои делуваат на финансискиот пазар и зад себе остава изразени социјални и економски последици. Приходите генерирани од незаконски стекнати активности на криминални групи, даваат голема економска моќ, додека нивните интереси се сведуваат исклучиво на заштита на сопствениот имот. Во такви околности, државите биле принудени да создаваат сопствени мерки и да формираат системи за превенција на перење пари што последично резултирало со тоа сторителите на незаконски активности да бараат јурисдикција каде што таквите мерки се слабо регулирани или воопшто не постојат. Затоа, токму ефикасна регулаторна рамка е основа за борба против перење пари, бидејќи со нивно отсуство се отвора широк спектар на можности за перење незаконски стекнати средства.

ГЛАВА 3 МЕРКИ ЗА СУЗБИВАЊЕ И ПРЕВЕНЦИЈА НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ

3.1 Откривање и докажување на кривичното дело перење пари

Кога ќе се каже „откривање“ првенствено се мисли на активности кои ги преземаат субјектите при откривање, а кои во себе содржат два елементи и тоа начин на сознавање за кривичното дело и извори на сознанија на кои се потпираат субјектите. Што се однесува на начинот на сознавање, тие првенствено се врзани за досегашните искуства на полицијата и другите субјекти, а се манифестираат во специфични методи на откривање кои можат да се користат во тек на оперативната рбаота, инспекциска контрола и при спроведување на мерки за надзор или документи кои ја следат стоката или парите во промет со странство. Во прашање се следниве методи:

- Споредување
- Селекција и елиминација
- Непосредно психолошко забележување.

Што се однесува до методот на споредување, тој се користи во два основни вида:

- Преку споредување на комецијална, финансиска и друга документација со состојбата на стоката или парите во промет
- Преку споредба на податоци за купена или продадена стока која е спорна или за истата или сличната стока која е купена или продадена, а не е спорна, во исто или приближно време кога и спорната стока.

Методот на елиминација и слекција подразбира проневера на почетните сознанија со елиминирање на непотребни или избирање на потребната документација која ќе даде одговори на основните прашања. Со овој метод, на самиот почеток се врши селекција на оваа верзија која укажува на тоа дали воопшто станува збор за ова кривично дело или не. Важно е да се истакне дека овој метод не трпи површност во работата, бидејќи ако добро не се проучат одредени случувања и луѓе, не е можно да се разликува фалсификуван документ од вистински.

Методот на непосредно психолошки запазување. Државните органи во својата работа имаат на располагање соодветни средства и стручно оспособен кадар кој со тие средства се користи и кои ги управува. Благодарение на тоа, државните органи, во прв ред полицијата, царинската и инспекциската служба, можат со непосредни психолошки набљудувања со сетилата, во текот на својата работа да забележат и откријат фалсификувани документи, стока и услуги и благовремено да ги обезбедат.

Со преземање на мерки од својата надлежност, тие предизвикуваат одредени психолошки реакции кај сторителите на овие дела, со оглед на тоа дека со својата работа ги доведуваат во неповолна ситуација. Субјектите на откривање, примена на овие методи, воочуваат одредени неправилности и нелогичности при утовар, транспорт, истовар, складирање, промет и други активности во текот на реализација на една работа.

Кога станува збор за извори на сознанија, имајќи ги во предвид искуствата во методите на откривање и докажување на кривични дела од областа на економски криминал, можно е класифицирање во четири групи и тоа:

- Оперативни извори
- Државни органи
- Претпријатија
- Граѓани.

Откривањето на перење пари е поврзано со извесни специфики кои влијаат на можностите за сознание дека се врши истоименото кривично дело. Тие специфичности се однесуваат на следниве фактори:

- Располагање со перењето пари е условено со претходна криминална дејност
- Криминалците перат пари со користење на различни начини кои можат да се комбинираат во помали или поголеми сложени шеми на перење пари
- Основата на шемата на перење пари ја сочинуваат три основни фази, ставање, покривање и интеграција
- Процесот од стекнување до легализација на противправна корист има две фази, првата во која криминалната дејност се стекнува и втората, со која се легализира стекнатиот имот.

Оперативната дејност на полицијата и дејностите на субјектите предвидени со Законот, се најчести начини со кои се доаѓа до сознанија дека е извршено кривично дело перење пари. Исто така, можни се и случаеви на пријава на претпријатие, граѓани, потоа анонимни и псевдонимни пријави и слично. Полицијата со преземање на соодветни криминалистичко технички мери и активности и оперативно технички методи и средства при откривање на кривично дело перење пари, може непосредно да дојде до сознанија дека навистина е извршено перење пари. Исто така, можно е при преземање на криминалистички обработка која се презема во врска со некои други кривични дела, да дојде до посредни сознанија дека е извршено перење пари.

Во фазата разјаснување и докажување на кривичното дело перење пари, се утврдуваат и се докажуваат сите важни елементи на кривичното дело, што претставува услов за успех на криминалистичката обработка и водење на понатамошна кривична постапка.

За успешно водење на кривичната постапка, потребно е да се обезбедат потребните материјални и лични докази. Покрај противправната имотна корист, од материјалните докази, важна е и документацијата која пружа можност за следење на финансиската трага на перачите. Во ситуација кога осомниченият пере пари преку некој работа, потребно е оперативната дејност да се насочи на увид во деловната книга на тоа лице. Заради обезбедување на лични докази во текот на криминалистичката обработка, потребно е да се посвети внимание на лицата на кои можат да им бидат познати поединечни релевантни факти во врска со конкретното кривично дело и со нив да се направат информативни разговори.

Потребен услов за откривање на сторителот и докажување на криминалните активности е соработката на сите надлежни органи, стручност, знаење, искуство и тимска работа. Во разјаснување и докажување на кривичното дело перење пари, значајно место зазема примената на специјални истражни техники, односно посебни доказни активности.

Примената на прикриен иследник, има исклучително значење за криминалистичка обработка на кривичното дело перење пари, а посебно е оправдана во случаеви кога се работи за сложени шеми на перење пари, кои содржат странски елементи и подразбираат движење на валканите пари преку границите на повеќе земји, по електронски пат или

вистински пренос. Со оглед дека операциите на пренос, се вршат во тајност, информациите од корист за истрагата можат да се добијат единствено од непосредни учесници во овие активности.

Методот на контролирана испорака се комбинира со други оперативни методи и оперативно технички средства, заради целосно регистрирање на криминалните дејности. Контролираната испорака би требало да се користи кај сложените шеми на перење пари, кои подразбираат движење на незаконски добивки преку територијата на повеќе држави и комбинирање на повеќе различни начини на перење пари во рамките на една шема.

Со преземање на мерки за таен надзор и снимање на телеефонски и други разговори или комуникација со другите технички средства и оптичко снимање, претставува многу значаен начин на прибирање оперативни и доказни информации, значајни за оперативна обработка на кривично дело перење пари и други тешки кривични дела.

3.2 Мерки за сузбивање и превенција на перење пари

Превентивните и репресивни методи во спротивставување на перење пари претставуваат збир на мерки, активности и постапки на превентивен и репресивен план со кои се намалуваат можностите за перење пари, откривање на сторителите и разјаснување на криминалните дејности со кои е поврзано перењето пари. Овие методи спаѓаат во криминалистички методи и нивната примена се приспособува според специфичните облици на перење пари.

Во членот 7 од Конвенцијата во Палермо предвидени се мерки за борба против перењето пари. Во рамките на тие мерки, предвидено е дека државите потписнички се должни да воспостават и сеопфатни национален регулаторен и надзорен режим за банките, небанкарските финансиски институции и останати органи кои се подложни на перење пари. Исто така е нагласено дека со мерките треба да се предвиди и утврдување на идентитетот на корисникот, водење на евиденција и пријавување на сомнителни правни работи. Важно е да се напомене и тоа дека оваа е прва меѓународна конвенција која зборува за улогата на финансиските известувачки единици.

Извештаите за сомнителни и необични трансакции, се составен дел од системот за спротивставување на перењето пари и како такви се вградуваат во законските рамки на тие системи, а нивното значење се гледа во идентификување на активности кои се однесуваат на перењето пари во разлилни области на економски активности. Нивното значење конкретно се гледа низ[34]:

- директно изведени случаеви на перење пари од извештаи за сомнителни и необични трансакции
- како дополнителен извор на информации во истраги на други кривични дела
- како извор на информации за анализа и идентификување на трендови и шеми на перење пари
- како основа за развој на директиви за спротивставување на перењето пари и дефинирање на индикатори на перење пари во различни области на економски активности.

Во однос на ова, потребно е да се укаже на некои од недостатоците и потенцијалните решенија на истите, а се заради подобрување на квалитетот на информациите добиени од извештаите за сомнителни и необични трансакции, а тие недостатоци се[35]:

- постоење на повратна врска помеѓу единиците за финансиска истрага и установата која поднесува извештаи
- различна методологија за прибриање на информации од истите
- нерамномерна застапеност на различни области на кои се однесуваат извештаите
- постапка за реализација на сомнителни трансакции и
- можност за суспензија на трансакции на извесно време.

Подобрување на ефектите на системот за известување може, до одредена мера да се оствари со следното[36]:

- зголемување на нивото на повратна врска и создавање на блиски деловни врски помеѓу единиците за финансиска истрага и останати тела

[34] Boskovic, G., Pranje novca, Beograd, 2005
[35] Review of FATF Anti money laundering Systems and mutual Evaluation procedures, 1992-1999, Paris
[36] Boskovic, G., Pranje novca, Beograd, 2005

- подигнување на нивото на квалитетот на образованието и обука за вработените во финансиските институции
- посветување поголемо внимание на безготовинските трансакции
- надлежните раководители да филтрираат изврештаи на соодветен начин
- пружање на правна заштита од кривично гонење на вработените во финансиските институции како стимуланс за поднесување извештаи
- осигурување институциите да ги поднесат соодветните извештаи и
- користење на компјутеризирани системи во финансиските институции заради класифицирање на трансакциите и означување на сомнителните трансакции.

3.3 Контрола при внесување и изнесување на пари и други финансиски инструменти во една земја

Државата како учесник во пазарот на капитал, има специфична улога во надлежностите со кои успешно се регулира и контролира функционирањето на пазарот на капитал. Контролата посебно треба да се спроведе во земјите на транзиција поради опасност од одлив на капитал, со цел да се спречи перење пари. Контролата претставува значајна мера во спротивставување на перење пари. Основна цел во преземање на мерки за контрола во процесот на внесување и изнесување пари и други финансиски инструменти е откривањето на нивната нелегална природа. Криумчарењето е најчест начин на движење на парите и другите финансиски инструменти.

Некои држави во рамките на своите правни прописи, кои ја регулираат оваа област, предвидуваат и обврска за пријавување на износот на готовија, финансиски и други инструменти кои надминуваат одредени утврдени износи . Значаен сегмент на контролата е водењето евиденција и формирање на база на податоци. Базите се прават во електронска форма, што подоцна пружа можност за примена на разни современи аналитички и други програми по чиј пат се доаѓа до конкретни информации и обрасци.

Со идентификување на странката се создава можност за воспоставување систем против перење пари и основа за доаѓање до информации за потенцијални сторители на кривично дело перење пари. Државите кои во рамките на своите законодавства

инкорпорираат мери за сузбивање на перење пари, пропишуваат и обврска за идентификација на клиентите и одредуваат случаеви кога тие се вршат.

Но, се јавуваат проблеми кои се однесуваат на исклучок од обврската за утврдување на идентитетот на странката и крајните корисници. Постојат случаеви во кои процедурата за утврдување на идентитетот значително ги усложнува деловните трансакции. Тоа пред се се случува кога станува збор за странски институции кои имаат голема репутација во деловните кругови. Во таквите ситуации изземање е пожелно, бидејќи на тој начин цело внимание може да се насочи на поединците и институциите кои не ги исполнуваат зададените критериуми.

Идентитетот на странката може да се утврди по пат на лични документи, во увид во податоците од судскиот регистер и слично. Можно е да се користат и системи за идентификување по пат на идентификациони картици.

3.4 Одземање на средства стекнати со криминална активност

Значајно место во составот на мерки за сузбивање на перење пари зазема одземањето и привременото одземање на имотната корист, односно приходите кои потекнуваат од операцијата перење пари. ФАТФ во рамките на своите препораки, конкретно во препораката 7, укажува на значењето на мерите на одземање и привремено одземање на приходите и на информациите кои треба да им пружат од надлежните органи, а тоа е следново:

- идентификување, следење и вреднување на имотот кој е предмет на одземање
- примена на мерки како замрзнување и заплена
- преземање на истражни мерки и активности.

Во денешно време, повеќето земји во светот, во своите законодавства ги имаат инкорпорирано мерките одземање и привремено одземање на имотот и приходите кои потекнуваат од вршење на кривични дела.

Главните потешкотии поврзани со овие мерки се однесуваат на докажување на фактот дека осомниченият е вклучен во криминални активности од кои стекнал извесен имот или приход, како и на утврдување врската помеѓу приходите, односно имотот и

специфичните криминални активности. Како решение на наведената проблематика се наметнува примената на префрлен товар на докажување, каде што од обвинетиот се бара да докаже дека имотот, односно приходот е стекнат од легални активности, односно извори[37].

3.5 Улога на современото банкарство во спроведување на мерки за превенција на перење пари

Карактеристиките на современото банкарство се темелат на принципи на раст и остварување профит. Развојот го поттикнуваат клучните трендови како што се ширење на банкарски услуги, засилена конуренција, промена во регулаторната рамка, зголемени трошоци за финансирање, технолошки иновации, промена во регулаторната рамка, зголемени трошоци за финансирање, технолошки иновации, консолидација на секторот и процесот на глобализација[38]. Современото банкарство го насочило развојот на банките во мултинационални компании. Банкарските услуги веќе со години опфаќаат менувачки работи, дисконтирање на комерцијални запици и одобрување на деловни кредити, пружање на штедни депозити, сигурно чување на вредности, поддршка на државните активности по пат на кредитирање, како и водење на тековни сметки и вршење на доверителни услуги. Новите пакети на услуги имаат поинаков карактер и вклучуваат потрошувачки кредити, финансиско советување, управување со готовина, leasing опрема, одобрување на кредит за вложување во високопрофитабилни и ризични проекти, продаваат полиси за осигурување, правување со пензиски програми, тргување со хартии од вредност, услуги на трговско банкарство, управување со ризици и услуги за заштита од ризик.

Добивката на банката е условена од видот на услугата која ја пружа, нејзината репутација и доверба на клиентите, како и способноста да се задржат постоечките корисници и да привлечат нови. Долгорочен успех на банката се темели на привлекување и одржување легитимни извори на финансирање, додека незаконски стекнатите пари имаат привремен карактер, се нарушува изгледот на банката и негативно влијае на инвеститорите кои работат во согласност со закон.

[37] Financial action task force, Report on money laundering typologies for 2001-2002, Paris
[38]Cindori, S., Petrovic, T., Indikatori rizicnosti bankarskog sektora u okvirima prevencije pranja novca, Split 2016

Анализата на ризикот може да се спроведе со цел утврдување на подрачјето каде што е најголем ризикот на работењето, односно да се утврдат најризиќните странки, производи и услуги. Кога ќе се воочи зголемениот ризик од перење пари или други облици на легални активности, финансиските институции се задолжени да спроведат засилени мерки за длабинска анализа, детално да ги контролираат производите и услугите и да ги следат начините на кои клиентите ја вршат својата работа. За ризичен сектор се сметаат приватното, кореспондентското, дигиталното, виртуелно и offshore банкарство, а меѓународните тела кои го регулираат воведувањето и спроведувањето на пристап темелен на проценка на ризик се: FATF, Moneyval, Wolfsberg и Egmont група.

Приватното банкарство може да се опише како сектор кој пружа финансиски услуги на високопрофитабилни клиенти. Воспоставувањето деловни односи, не се однесува само на имотни поединци и политички изложени лица, туку и на деловни субјекти кои нудат правни совети, инвестициско советување и услуги за управување со залог. Јасно е дека приватните банкари одржуваат проактивен и личен пристап меѓу клиентите, кој е значително поинтензивен отколку во традиционалните банкарски модели. Меѓу ризиците кои го следат приватното банкарско, покрај конкуренција и профитабилност, се истакнува и недостатокот на адекватни мерки за спречување перење пари. Најголем недостаток на приватното банкарство лежи во фактот дека додека банките од една стран апоттикнуваат раст на депозити и развиваат приватен однос, од друга страна, должни се да спроведат засилена длабинска анализа за да спречат сомнителни трансакции. Последните години, подигнати се стандардите од страна на Wolfsberg груапта кои налагаат банките да воспостават деловен однос само со странки кои своето богатство легитимно го стекнале и со странки кои немаат криминално минато со обврска за спроведување на длабинска анализа[39].

Кореспонденското банкарство подразбира деловна соработка при која банката примател не е должна да располага со точни или целосни податоци за потеклото на паричните средства кои се предмет на уплата. Тука спаѓаат меѓубанкарски депозитни активности, меѓународни електронски трансфери, управување со готовина и услуги за уплата, наплата и процесуирање на уплати на странките (во домашна и странска валута).

[39] Esoimeme, E.E., The risk-based approach to combination money laundering and terrorist financing, 2015

Странките може да бидат физички лица, правни лица или други финансиско услужни организации, додека корисници на трансакцијата често вклучуваат клиенти на кореспонденски банки, респонденти или најчесто клиенти на други банки. Индикаторите за ризик кои треба да се земат во предвид во моментот на иницирање работи, опфаќаат престој, односно седиште на респодентот, сопственички удел, структура на менаџментот, работа на менаџментот и базата на корисници на кои респондентот им пружа услуги[40].

Електронско или интернет банкарство претставува финансиска услуга која на банката и овозможува да им пружи на клиентите можност за лично вршење на финансиски трансакции по пат на интернет, со што компјутерот на корисникот се претвора во банкарски работен терминал. Софтверските решенија кои овозможуваа вршење на трансакции приспособени се за нивно брзо и едноставно вршење, а посебно токенот, кој исклучува обврски со потпишување. Развојот на интернет банкарството го одразува растот на самоуслужното банкарство, односно појава на нова низа банкарски производи и услуги кои се темелат на компјутерски мрежи. Со тоа се надминати временските и просторните пречки на традиционалното банкарство, значително поедноставувајќи го преносот на парични средства.

Трансферите по пат на интернет пружиле дополнителни можности за перење пари со користење на софистицирани шеми, таквиот начин на пренос на електронски пари на перачите им е посебно интересн, бидејќи се одвива електронски, брзо и ефтино. За да се ублажи изложеноста на ризикот од перење пари кој произлегува од новите технологии, финансиските институции се повеќе осигуруваат примена на технолошки решенија за идентификација на странките како корисници на електронско банкарство, веродостојност на потпишаниот електронски документ и сигурност на мерките против фалсификување на документи и потписи.

Offshore банките се многу атрактивни институции во меѓународното банкарство. Претставуваат компании кои работат надвор од матичната земја на комитентот, обично на остров или во земја која пружа даночни бенефиции, тајност и други услуги за прикривање на идентитетот на странаката или природата на трансакцијата. Offshore банките имаат

[40] Cindori, S., Petrovic, T., Indikatori rizicnosti bankarskog sektora u okvirima prevencije pranja novca, Split 2016

можност за заштита на идентитетот и приватноста на комитентот, минимални или нулта даноци и сокривање на имот поради политички или финансиски прикривања, од тие причини offshore банките имаат конкурентска предност.

Улогата на банкарството во offshore центрите е специфична со оглед на тоа дека станува збор за доминирачки сектор кој опфаќа подружници на главни меѓународни банки, со цел прибирање на депозити од широк пазар, управувајќи со нив од матични институции. Банките во offshore финансиски центри не се подложни на домашна монетарна регулација ни регулација на некој друг вид, поради што влегуваат во работи во кои нивната изложеност на ризик значително се зголемува, што може да биде и во функција на перење пари.

3.5.1 Инструменти на првокласни банки како средство за перење пари

Меѓународната трговска комора која е основана во 1919 година како невладина организација со илјада компании и деловни здруженија ширум светот, а една од нејзините главни активности е хармонизација на финансиската пракса, при што нејзините правила за банкарски трансакции, особено во врска со документарни акредитиви, ги применуваат банки ширум светот. Меѓународната трговска комора и нејзиното Биро за борба против комерцијален криминал, издале бројни упатства од кои некои се вклучени во првиот извештај за измами со инструментите на првокласните банки. Бирото проценува дека номинална вредност на инструментите на првокласните банки кои се во оптек во зона е од 5 000 милијарди американски долари.

Овие инструменти претставуваат лажни бидејќи нивните емитентни не се во положба да ги извршуваат своите финансиски обврски кон држачите или немаат намера тоа да го направат, при што жртвите се наведуваат да поверуваат дека овие банкарски облигации се меѓународно прифатливи финансиски инструменти и дека не се разликуваат од акциите со кои се тргува на финансиските пазари, освен што со нив се тргува на таен секундарен пазар и дека се на располагање на мал број луѓе. Измамниците сега користат легитимни инструменти на финансискиот пазар како што се сертификати за депозит, благајнички записи и обврзници, при што факсот овозможил фалсификувањето да биде значително олеснето. Измамата може да се спречи со проверка на автентичноста на документите кај

наводниот емитент, сега банките издаваат предупредувања на други финансиски институции преку SWIFT систем кога ќе дознаат дека документите се издадени лажно во нивно име.

Измамите со инструментите на првокласни банки претставуваат трговија со инструментите за кои невистинито се тврди дека ги издале банки. Карактеристиките на лажните трансакции со инструменти на првокласни банки се опишуваат на следниот начин[41]:

- високо профитабилни
- ослободени од секој ризик
- веднаш расположиви средства
- не се бара провизија однапред
- не се бара отплата
- трансакции банка – банка
- потврдени од страна на банките, Федерални резерви и други меѓународни организации како што се Меѓународна трговска комора, Меѓународен монетарен фонд и Обединети Нации и
- крајно се доверливи.

Чести се измамите со овие фалсификувани инструменти кои наводно се нудат како можност за добра инвестиција со висок принос, без ризик и со голем попуст, затоа што на нивниот моментален сопственик итно му се потребни готови пари. Исто така, се наведува и дека овие инструменти вонбилансно се емитуваат од страна на банката за да приберат дополнителен капитал и за да избегнат одредени ограничувања, затоа не сакаат да го признаат нивното постоење, но дека овие инструменти секако ќе бидат исплатени од страна на банките кои мора да водат сметка за својата репутација[42]. Измамниците со инструменти на првокласни банки бараат два вида жртви и тоа:

- Инвеститори кои бараат нови можности, на инвеститорите им се кажува дека можат да купат инструменти со попуст и така да остварат значаен профит за

[41] Stakic, B., Medjunarodne finansije, Beograd 2010
[42] Stakic, B., Medjunarodne finansije, Beograd 2010

кратко време, а овие шеми за инвестирање нидат програма која е направена да пружи голем и моментален профит на инвеститорите. Жртвите на овој вид измами често се легитимни организации и богати поединци кои бараат натпросечни каматни стапки за својата инвестиција.

- Оние на кои им е потребен кредит. Овие субјекти претставуваат потенцијални жртви за измама кои се засновани на авансна провизија. Парите на жртвата за кои измамниците тврдат дека сигурно се чуваат на сметка, всушност ги контролираат самите измамници. Често тие пари се пренесуваат со налог на „адвокат“ врз основа на прием на обврска за обезбедуваање средства, писма за намера или некој друг безвреден документ кој наводно ги задоволува условите од договорот.

Целта на измамниците е партнерот да се вовлече во трансакција и на име на откуп на овие инструменти да се извлечат што повеќе пари. Поради тоа се препорачува да се покаже внимание при вакви понуди и секоја да се провери претходно со банката која го издала инструментот, односно со централната банка, а на понудувачот не се даваат никакви пишани документи однапред. На меѓународниот пазар се појавиле и лажни акредитиви чии вредности достигнуваат големи износи, а повеќето вакви фалсификувани инструменти ги издаваат организации кои претставуваат банки само по име, а обично се регистрирани во некоја земја која има лоберален режим на работа или воопшто не постојат.

3.5.2 Поврзаност на ризикот во работата со ризикот од перење пари

Поради силна поврзаност помеѓу капиталот и ризикот, управувањето со банкарските и финансиските институции е насочено кон контрола на клучните видови на ризик, меѓу кои се истакнува капиталниот, ликвиден, каматен, оперативен, валутен ризик и ризик од незаконски активности. Бидејќи ризикот постојано се менува поради влијанието на бројни фактори, потребно е постојано приспособување преку примена на соодветни превентивни мерки, посебно преки длабинска анализа на клиентите. Опсегот и видот на таква анализа (проширена или поедноставена) зависат од конкретните околности, при што соодветна улога имаат видот на клиенти, видот и намена на производи или услуги, географски контест и карактеристики и начин на извршување трансакции.

Табела 3. Приказ на методологијата за процена на ризик на финансиски институции

Деловна единица/вид на финансиска институција	Оценка на ризикот
Управување со имот	Ниска до умерена
Посредништво	Умерена до висока
Комерцијално банкарство	Умерена до висока
Меѓународно кореспонденско банкарство	Висока
Кредитно и картично банкарство	Ниска до умерена
Инвестициско банкарство	Ниска до умерена
Работа со население	Ниска до умерена
Приватно банкарство	Умерена до висока

Извор: Cindori, S., Petrovic, T., Indikatori rizicnosti bankarskog sektora u okvirima prevencije pranja novca, Split 2016

Во табелата може да се види дека највисок степен на ризик има кај меѓународното корепондентско банкарство. Во групата на умерен до висок ризик спаѓа посредништво, комерцијална економија, работа со население и приватно банкарство. Третата група, означува низок до умерен ризик, а тој се однесува на управување со имот, кредитно и картично банкарство и на инвестициско банкарство.

Трансакциите поврзани со перење пари често вклучува легални и илегално елементи, што ги прави сложени за препознавање. Иако некоја трансакција може да покаже одредени неправилности, тоа не значи дека се работело за перење пари. Неправилноста сама по себе не доволна ни сигурен знак за утврдување на перење пари, што на финансиските институции дополнително им ја отежнува проценката на ризикот и носењето на соодветни одлуки.

3.6 Економски и социјални последици од перење пари

Перењето пари има потенцијално разорни економски, сигурносни и социјални последици. Само детално истражување на некои негативни последици на микро и макро економски план може да помогне при објаснувањето зошто перењето пари е сложена

опасност. Економските последици од перење пари се најзначајни и може да се сведат во неколку групи во зависност од конкретниот општествено економски амбиент во кој се одвиваат овие незаконски активности и тоа:

- поткопување на интегритетот на финансиските пазари
- губење на контрола над економската политика
- економска нестабилност
- загрозување на процесот на приватизација.

Перењето пари со себе носи и одредени социјални последици. Со перењето пари криминалот добива своја полна смисла бидејќи криминалците може да го шират обемот на своето делување, се зголемуваат државните трошоци бидејќи мора да се издвојат поголеми средства за примена на закони и здравствено осигурување, за да се сузбијат сериозни последици од перењето пари, доаѓа до префрлање на економската моќ од пазарот, власта и граѓаните на криминалците што во екстремни случаеви може да доведе до преземање на власта. Може да дојде до забавување на развојот и економскиот раст, доаѓа до деформација на потрошувачката и заштедата и преобразување на постоечката социјална структура со настанување на општествени групи нови богаташи. Криминалците, за разлика од обичните граѓани, трошат големи средства кои ги заработуваат со перење пари за купување на добра како што се недвижности, накит, уметнички дела и луксузни предмети. Тие производи не се од домашно потекло, може да ги намалат домашните цени, редуцирајќи ја профитабилноста на домашните компании, што во главно е случај со земјите во развој[43].

Криминалните организации реинвестираат во компании или недвижности кои понатаму обезбедуваат профит. Најголем број инвестиции е во кладилници, ресторани, кафиќи, автомобили, проституција и транспорт. Тие тежнеат кон инвестирање капитал во законски облик и повеќе се раководат од тоа да избегнат контрола и откривање, отколку во целост да им се вратат вложените пари. Но, тоа се има негативни последици по економијата, бидејќи ги намалуваат фондовите кои би покренале економска активност или вработување[44].

[43] Цветковиќ, Д.М., Обрадовиќ, М., Економски аспект прање новца и проблем његове квантификације, Сл.гласник Србије, 2012
[44] Barlet, B.I., The negative effects of money laundering on economic development, 2002

Перењето пари може да има огромни последици на приходот на владата поради избегнување на пријавување приходи или намалување на истите, што се најчести методи за спроведување на перење пари. Перењето при исто така може да го зголеми приносот на јавниот сектор. Криминалците сакаат нивните пари да бидат легални, а патот да се постигне тоа плаќање данок на приход. На тој начин илегалните пари се претворени во легално, кои се оданочуваат. Се случува јавниот сектор да профитира од перење пари, ако криминалците намерно плаќаат данок, за приходот од криминални активности да го направат легален.

ГЛАВА 4 ИНСТРУМЕНТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Во контекст на перењето пари, донесени се бројни документи како на меѓународно ниво, така и од страна на поединечни држави во нивните национални законодавства. Во тој поглед, посебно се разгледуваат меѓународните документи кои се донесени со цел сузбивање на казненото дело перење пари, а кои делувале поттикувачки на државите во своите национални законодавства да внесат мерки и начини за сузбивање на перење пари.

4.1 Организации и документи на меѓународно ниво

Со оглед на тоа што организираните криминални групи брзо се движат во правец на интернационализација на своите активности, државите мора да подготват соодветни решенија во националните законодавства и меѓусебно да соработуваат за да ги обесхрабрат нивните активности. Согледувајќи ја вистинската опасност од организираниот криминалитет од интернационален карактер кој не познава политички, државни и идеолошки граници меѓу народите, државите и континентите. Меѓународната заедница почнува да работи на развивање и конципирање на стратегија за општа борба против најопасните видови криминалитет, трговија со опојни дроги, бело робје, оружје и друго, со кои во нераздвоива врска е и перењето пари.

Бидејќи перењето пари во повеќето случаеви има меѓународен карактер, донесени се низа конвенции кои имаат за цел спречување на оваа појава. Тоа се:

- Конвенција на ОН против незаконски промет на опојни дроги и психотропни супстанции (Виена 1988 година)
- Конвенција на Советот на Европа за перење, откривање, заплена и конфискација на приноси стекнати со криминал и од финансирање тероризам (Стразбур 1990 година)
- Конвенција на ОН против транснационален организиран криминал (Луксембург 1991 година)
- Кривично правна конвенција на Советот на Европа за корупција
- Конвенција на ОН против корупција.

Наведените меѓународни правни акти претставуваат правна основа за регулирање на поединечни инкриминирани однесувања во врска со перењето пари во националното кривично законодавство. Затоа многу е значајно на кој начин националните законодавства ја уредуваат кривично правната основа на перењето пари, а многу решенија предвидени со наведените меѓународно правни акти наоѓаат своја примена преку решенија во националното кривично законодавство.

Обединетите нации во Виена 1988 година, донеле Конвенција против незаконски промет со опојни дроги и психотропни супстанци (таканаречена Виенска конвенција[45]) со која се предвиделе мерки за сузбивање на недозволена трговија со дроги, но и обврска на државите во своите кривични закони да доведат кривично дело перење на пари. Конвенцијата предвидува и одземање на предмети кои се добиени со недозволена трговија на дрога и што е многу значајно, таа исклучува можност за поврзување на банкарска тајна во случаеви на идентификација, конфискација на приноси остварени со кривично дело недозволена трговија со дрога или психотропни супстанци.

Исто така, конвенцијата содржи недозволени одредби во однос на одредени измени во националните кривични закони со цел овозможување на меѓународна соработка во тек на целата постапка, а посебно при одземање на приноси кои се остварени со недозволена трговија со дрога. Кон Виенската конвенција пристапиле повеќе од 170 држави, меѓу нив се и таканаречените „земји даночни раеви“, каде приносот стекнат од дрога се легализира спротивно од одредбите на Конвенцијата. Службата на ОН за контрола на дрога и превенција на криминалитет направила листа „на најважни даночни раеви“, познати по перењето пари, каде земјите се распоредени во одредени географски зони.

Виенската конвенција е донесена од следниве причини[46]:

- Големината и растечкиот тренд на незаконското производство, побарувачка и промет на опојни дроги и психотропни супстанции
- Незаконскиот промет донесува голема финансиска добивка и богатство кое на транснационалните организации на криминалци им овозможува да влезат во

[45] Конвенцијата е донесена во Виена на 19 декември, 1988 година
[46] Трајковски, Г., Спречување на перење пари кај финансиските институции, Академски печат, Скопје 2011

структурата на власта, легитимниот деловен и финансиски свет и општеството на сите нивоа и да ги расипуваат и корумпираат

- Лицата што се занимаваат со незакоснки промет треба да бидат лишени од добивката остварена со нивната криминална дејност, а со тоа да се отстрани и мотивацијата за вршење на таа дејност
- Искоренувањето на незаконитиот промет е колективна одговорност на сите држави и за таа цел е неопходна координирана акција во рамките на меѓународната соработка
- Значењето на јакнењето и зголемувањето на ефикасните законски средства за меѓународна соработка во областа на кривичното право врз спречувањето на меѓународните криминални активности на незаконски промет.

Во врска со оваа проблематика значајна е и Конвенцијата на Советот на Европа за перење, откривање, привремено одземање и одземање на приносите стекнати со кривично дело, донесена во Стразбур 1990 година (позната како Европска конвенција за перење пари)[47]. Оваа конвенција наведува дека секоја страна ќе усвои законодавни и други мерки со кои како кривични дела во своите законодавства ќе ги воведат следниве дела, ако се сторени со умисла:

- Конверзија или пренос на имот за кој се знае дека претставува незаконски приход со цел прикривање или маскирање на незаконското потекло на таквиот имот или помагање на кое било лие вклучено во извршување на главното кривично дело да избегне законски последици од своите дела
- Прикажување или маскирање на вистинската природа, потекло, место, располагање, преместување и постоење на правото, односно сопственост над имотот за кој се знае дека претставува незаконски приход
- Стекнување, поседување или употреба на имот за кој се знае дека во времето на примање претставувал незаконски принос и
- Учество во извршување, здружување или заверка заради извршување, обид за извршување и помагање, поттикнување, олеснување и давање совет за извршување на било кое дело утврдено во согласност со овој член.

[47] Boskovic, M., Transnacionalni organizovani kriminalitet, Beograd 2003

Значи, оваа конвенција пропишува обврска за воведување на кривичното дело перење пари во национални кривични закони, но во таа смисла е значително поширока од Виенската конвенција, која перењето пари го поврзува со недозволена трговија и психотропни супстанци.

Проблемот со перење пари не ја заобиколил ни Европската унија, поради што Советот на Европската унија донел Насоки за спречување користење финансиски ситем со цел перење пари, со кои е утврдена обврска на државите членки во своите кривични закони да го воведат кривичното дело перење пари. Генералното собрание ја усвоила Конвенцијата за борба против транснационалниот организиран криминалитет во 1999 година, чие поле на примена се однесува и на перењето пари.

Во Конвенцијата се бара државите во своите национални закони да ги пропишат следниве четири кривични дела[48]:

- Учество во некоја група која се занимава со организирам криминал
- Перење пари
- Корупција и
- Опструкција на правдата.

Врз основа на овие меѓународно правни акти, посебно Европската конвенција и Конвенцијата на ОН против транснационален организиран криминалитет, низа држави во своите национални законодавства предвиделе самостојно кривично дело перење пари, при тоа обезбедувајќи и одреден вид и мерка на кривични санкции.

На меѓународен план за борба против перење пари, постојат и одредени меѓудржавни тела кои се занимаваат со сузбивање и спречување перење пари. Од меѓудржавни тела кои се занимаваат со борба против мерење пари, се издвојуваат[49]:

- Работната група за спречување перење пари (FATF), која претставува меѓувладина организација чии препораки се највисоки стаднарди во борбата против перење пари
- Комитет на Советот на Европа кој се занимава со проценка на системот за борба против перење пари (Moneyval)

[48] Boskovic, M., Transnacionalni organizovani kriminalitet, Beograd 2003
[49] Mills, A., Essential strategies for financial services compliance, John Wiley & Sons, West Sussex, England, 2008

- Egmont група, која претставува меѓународно здружение на финансиско известувачки служби.

4.1.1 Улогата на FATF (Financial action task force)

FATF претставува меѓународно тело од привремен карактер. Основано е во 1989 година, во Париз, на предлог на групата Г-7, чие членство го сочинуваат 31 земја и две меѓународни организации, над 20 набљудувачи, од кои пет се регионални тела за спречување на перење пари и повеќе од 15 други меѓународни организации и органи. Групата за финансиска акција е невладина меѓународна организација. Основна задача на оваа организација е развој и промоција на мерки за спротивставување на перењето пари на национален и меѓународен план.

Во својата работа Групата за финансиска акција го следи процесот на имплементација на мерките за спротивставување на перењето пари во државите членки, развој на начинот на перење пари во глобални рамки, дефинирање на адекватни против мерки за спротивставување на перењето пари и друго.

Во својата работа оваа меѓународна организација интензивно соработува со други меѓународни организации кои се заинтересирани за спротивставување на перењето пари. Тоа може да се види од составот на учесници на годишните состаноци на експерти на FATF, бидејќи на нив присуствуваат експерти на Обединетите нации, Светска трговска организација, ММФ, Интерпол и слично.

Основни задачи на Групата за финансиска акција[50]:

- Проучување на начинот и трендови на перењето пари во глобални рамки;
- Евалуација на мерките за спротивставување на перењето пари кои се преземени на државен и меѓународен план;

[50] Boskovic, G., Pranje novca, Beograd, 2005

- Дефинирање на мерки за спротивставување на перењето пари на национален и интернационален план.

На самиот почеток на својата работа, групата во 1990 година дефинирала Четириесет препораки (The forty recommendations) како глобална рамка за борба против перење пари, кои опфаќаат низа мерки во спротивставување на перењето пари на полињата на финансиски системи, меѓународна соработка, кривично правни и кривично процесни регулативи.

Главна карактеристика на овие препораки е нивната флексибилност што им овозможува на државите кои сакаат да ги применат, тоа и да го направат, приспособувајќи ги на своите економски, општествени и политички прилики. Препораките, кои подоцна биле дополнети (во 1993 и 2003 година), настанале врз основа на Конвенцијата на ОН против незаконска трговија со опојни дроги и психотропни супстанции и листа на насоки за супервизија на банки кои Базелскиот комитет за супервизија на банки ја објавил во декември, 1988 година.

Клучни области на препораките се[51]:

- Политика и координација. Воспоставување и координација на ефективни национални системи за борба против перење пари и финансирање на тероризам
- Перење пари и конфискација. Криминализација на перење пари и воспоставување на механизам за запленување на имот
- Финансирање на тероризам и финансирање ширење на оружје за масовно уништување. Криминализација на финансирање тероризам и преземање мерки за спречување финансирање на ширење оружје за масовно уништување
- Превентивни мерки. Обврски на банките и другите финансиски институции да применуваат мерки како што се проверка и пријавување на сомнителни трансакции
- Транспарентност и вистинска сопственост над правни лица и аранжмани. Воспоставување на централизирани регистри за да се обезбеди транспарентност и да се идентификуваат вистинските сопственици на правните лица

[51] Preporuke FATF, Organizacija za kontrolu I sprecavanje pranja novca, 2012

- Овластувања и одговорности на надлежните власти и останати институционални мерки. Дефинирање на улоги и одговорности на надлежните органи, вклучувајќи финансиски известувачки единици и органи за спроведување закони
- Меѓународна соработка. Јакнење соработка меѓу државите со цел борба против глобалните закани.

Земјите членки на FATF ја надгледуваат примената на 40 препораки по пат на двоен пристап:

- годишна самопроценка;
- детален процес на меѓународна проценка во чија согласност секоја земја членка станува предмет на контрола на лице место.

FATF е мултидисциплинарно тело чии состаноци се одржуваат неколку пати годишно, на кои се дефинираат основните правци на дејствување на FATF во наредниот период. Основен начин на работа се пленарните седници. На нив се дискутира за начините на перење пари, мерки и имплементација на мерки за спротивставување на перење пари во државите членки и можности за борба против перење пари во глобални рамки. Покрај пленарните се одржуваат и таканаречени „типологиски состаноци“ кои претставуваат форуми на експерти од областа на правото, финансиите и истрагата на перење пари кои доаѓаат од земјите членки во меѓународните организации. На овие состаноци тежиштето на дискуцијата е насочено кон новите начини на перење пари, потенцијални закани и можности за спроведување на ефикасни мерки за спротивставување на перење пари.

Секоја година избраната членка претседава со FATF, а од нејзините редови се бира претседател кој е и официјален претставник на организацијата и раководи со нејзината работа во текот на мандатот. Постои и Секретаријат, со седиште во Париз, кој пружа помош во работата на претседателот. Што се однесува на работата на групата, FATF ја следи имплементацијата на мерките со користење на инструментите за проценка на промената и самоевалуацијата, со кои се оценува работата на земјите членки. Примената на самоевалуација подразбира дека секоја членка еднаш годишно пополнува прашалник, со кој се проценува степенот на имплементација на мерките предвидени во 40 Препораки.

Резултатите од прашалникот потоа се користат за планирање на работата на FATF. Процедурата за процена на промените се реализира преку посета на тимот на FATF на земјата членка, кој го сочинуваат експерти од областа на правото, финансиите и агенција која се занимава со перење пари. Како резултат на примената се изготвува извештај кој исто така се користи во понатамошно планирање на работата на групата. Резултатите од извештајот, всушност претставуваат насоки за понатамошната работа на FATF.

4.1.2 MONEYVAL - Избран комитет на експерти за оценување на мерките против перење пари на Советот на Европа

Moneyval е комитет на Советот на Европа кој собира експерти кои ја проценуваат усогласеноста на државите членки со сите релевантни меѓународни стандарди за борба против перењето пари и финансирање на тероризмот во областа на правна пракса, финансиски системи и внатрешни работи, преку процес на взаемна евалуација на рамноправни членки[52].

Целта на Moneyval е сите држави членки да имаат делотворни системи за борба против перење пари и финансирање тероризам и да бидат усогласени со релевантните стандарди во таа област. Споменатите стандарди содржани се во Препораките на TAFT, вклучително и Специјалните препораки за спречување перење пари и борба против финансирање на тероризм:

- Конвенција на ОН против незаконски промет на опојни дроги и психотропни супстанци (1988 година)
- Конвенција на ОН против транснационален организиран криминал
- Меѓународна конвенција на ОН за спречување на финансирање тероризам (1999)
- Директива 2005/60/ЕС на Европскиот парламент и Советот од 26 октомври 2005 година за спречување користење на финансискиот систем со цел перење пари и финансирање на тероризам и релевантни мерки за имплементација на оваа Директива, како и во

[52] Council of Europe Committee of Experts on the Evaluation of Anti-Money Laundering Measures and the Financing of Terrorism (MONEYVAL) - Committee of Experts on the Evaluation of Anti-Money Laundering Measures and the Financing of Terrorism, посетено октомври 2025

- Конвенцијата за перење, барање, заплена и одземање на приноси од криминал, склучена на ниво на Советот на Европа.

Извештаите на Moneyval претставуваат многу детални рпрепораки за унапредување на делотворноста на системот на мерки и активности во поединечни држави за борба против перењето пари и финансирање на тероризмот, како и за капацитетите за соработка на меѓународно ниво во овие области. Moneyval, исто така спроведува и истражувања за типологија на перењето пари и финансирање тероризам, нивните методи, трендови и техники.

Република Македонија е членка на MONEYVAL Комитет при Советот на Европа од 1998 година.

4.1.3 Егмонт група

Егмонт групата е меѓународна мрежа на национални уреди специјализирани за борба против перење незаконски средства. Трајно поддржува соработка на национални уреди, поттикнува меѓусебна размена на информации и искуства за можни случаеви на перење пари. Нејзините членки се занимаваат со спречување и откривање на перење пари. Едно од најважните постигнувања на работата на групата е создавањето на заштитена интернетска конкуренција.

Меѓународниот сигурносен интернетски веб систем на групата, им овозможува на членовите, меѓусебна комуникација по пат на заштитена електронска пошта, олеснителна практична и брза размена на податоци во борба против перење пари. Иако тоа не ги заменува традиционалните канали кои служат за добивање на докази, надзорните служби можат да обезбедат корисни информации во истрагата. Значи, целта на Егмонт групата се создавање на услови за сигурна, брза и законски втемелена размена на информации кои служат за борба против перењето пари и која е насочена кон создавање на мрежи во меѓународната соработка на уредите[53].

[53] https://www.state.gov/j/inl/rls/nrcrpt/2015/vol2/239473.htm, посетено октомври 2025

Користењето на интелигентен информациски систем опфаќа стратегиска и оперативна аналитика и визуелизација, со крајна цел детектирање на сомнителни трансакции по пат на одредени индикатори и доставување на известувања за сомнителни трансакции до надлежните државни тела, со цел понатамошно постапување, поврзувајќи сомнителни трансакции со криминални активности на поединци, групи или организации, вклучувајќи познати методи за перење пари.

Своите цели, кои се единствено поставени во функција на подоброто спроведување на законите од страна на Единиците за финансиско разузнавање, се остваруваат преку:

- проширување и продлабочување на меѓународната соработка за размена на податоци и информации врз основа на принципот на реципроцитет и преку користење на сигурен канал за размена на податоци, обука и размена на искуство,
- поттикнување на соработката и координацијата меѓу Единиците за финансиско разузнавање на оперативно ниво,
- поттикнување за развивање на (оперативните) капацитети на секоја Единица за финансиско разузнавање и
- поттикнување на формирање на нови Единици за финансиско разузнавање во државите каде истите не постојат и др.

Управата за финансиско разузнавање е членка на ЕГМОНТ Групата од јуни 2004. Од своето зачленување Управата редовно разменува податоци и информации со сите Единици за финансиско разузнавање членки на ЕГМОНТ Групата, а притоа применувајќи ги сите правила и најдобри практики за размена на податоци и заштитувајќи ја доверливоста на добиените информации.

4.2 Директивни на Европска унија

Најзначајни прописи донесени од страна на Европската унија, во однос на спречување перење пари и финансирање тероризам се:

1. Директивата 91/308/ЕЕС за спречување на користење на финансискиот систем со цел перење пари[54] се смета за прва директива бидејќи ги дефинирана поимите перење пари и финансирање на тероризам. Исто така, опусот на својата примена го насочила кон кредитни и финансиски институции и таксативно наведените правни или физички лица, кои вршат професионална дејност (член 2 од Директивата)
2. Директивата 2001/97/ЕС со која се менува директивата 91/308/ЕЕС ги наведува следните промени:

- Вклучување на подружници на кредитни и финансиски институции, со обврска да пријавуваат сомнителни трансакции на надлежни тела и делување во согласност со одредбите на Втората директива
- Јасен став дека менувачниите и службите за пренос и дознака на пари, исто така се изложени на опасности од перење пари што е причина за нивно вклучување во кругот обврзници
- Од истите причини во обврзници се вклучени и инвестициски фондови со што финансискиот сектор ќе се опфати во што поголем опсег
- Проширувањето на опсегот на предикатни дела, односно дефиниции, криминална активност, што освен казнени дела во смисла на чле 3 став 1 од Виенската конвенција опфаќа и активност на криминални организации, измама, корупција и казнено дело кое може да донесе значаен приход и кое е казниво со тешка казна затвор во согласност со казнениот закон на државата членка.

3. Директива 2005/60/ЕС за спречување користење финансиски системи со цел перење пари и финансирање тероризам, како што кажува и самиот назив, насочена е кон спречување на употреба на финансиски и нефинансиски системи за перење пари и финансирање тероризам. Пропишува дополнителни заштитни мерки во ситуации кои можат да претставуваат опасност од перење пари и финансирање тероризам.
4. Директива 2006/70/ЕС која утврдува мерки за спроведување за директивата 2005/60/ЕС имплементира мерки во однос на техничките аспекти на

[54] Достапно на EUR-Lex - 31991L0308 - EN

дефиницијата на политички изложени лица, технички критериуми за проценка дали одредени ситуации претставуваат низок ризик на перење пари или финансирање тероризам и технички критериуми за проценка дали е опрадана не примената на Директивата на одредени правни или физички лица кои спроведуваат финансиска дејност повремено или во многу ограничен опсег (член 1 од Директивата)

5. Уредба број 1889/2205 за контрола на влез и излез на готовина од заедницата ги надополнува одредбите на Првата директива за трансакции за кои се надлежни финансиски и кредитни институции, се утврдуваат усогласените правила со кои се регулира готовината која влегува во Заедницата или ја напушта, од страна на надлежни тела (член 1 од Уредбата)
6. Уредба 1781/2006 пропишува обврска информациите за налогодавачот да го следат трансферот на пари заради спречување, истражување и откривање на перење пари и финансирање тероризам. Со оваа Уредба се утврдуваат правилата за информациите за уплатувачот кои го следат преносот на финансиски средства со цел спречување, истражување и откривање на случаеви на перење пари и финансирање тероризам (член 1 од Уредбата).

Меѓународните прописикои го регулираат спречувањето перење пари и финансирање на тероризам вклучуваат правен, финансиски и надзорен аспект. Меѓународните конвенции, насоки и препораки пропишуваат одземање на профит од сите незаконски дејности, начина на спроведување мерки и активности заради квалитетна идентификација и известуање на финансиско известувачките единици, размена на податоци со други држави и меѓународна правна помош[55].

4.3 Интерпол

Со цел за поефикасна меѓународна соработка во одземање на имотна корист стекната со организиран криминал, посебно значење имаат меѓународните организации со чија

[55] Cindori, S., Unapredenje sustava sprecavanja pranja novda RH I uskladivane s medjunarodnim standardima, Zagreb 2009

помош на стратешко и оперативно ниво се поттикнува имплементацијата на ефикасни механизми за одземање на имотна корист стекната со криминал.

Интерпол е меѓународна криминалистичко полициска организација која што е формирана со цел реализирање на меѓународна полициска соработка. Формирана е во Австрија, во 1923 година. Нејзината работа е насочена кон соработка, помош и поддршка во криминал, недозволено производство и недозволена трговија со дрога, недозволена трговија со луѓе, криумчарење на оружје, детска порнографија, перење пари, компјутерски криминал и слично[56].

Интернационалната полициска заедница свесна за потребите од спротивставување на организираниот криминал и одземање на приходите стекнати со криминал, донела многубројни меѓународни акти со кои се регулира оваа област. Кон овие напори се придружил и Интерпол, кој со своите резолуции ги повикал државите членки, тежиштето на своите истраги да го фокусираат на идентификација, следење и одземање на противправно стекнатите приходи на криминалните организации. Овие резолуции исто така ги повикуваат членките да ја подобрат размената на информации на тоа поле и да ги упатат Владите на државите членки да донесат закони со кои ќе се овозможи пристап до финансиските евиденции и конфискација на приходите стекнати со криминал.

Надлежностите на Интерпол се следниве[57]:

- Идентификација, воспоставување и одржување контакти со експерти
- Следење и анализирање на информации поврзани со одредени области на активност и криминални организации
- Посочување на главните криминални закани со потенцијално глобално влијание
- Превземање на стратешки партнерства со разни организации и институции
- Помагање во изнаоѓање решенија за проблемите со кои се соочуваат силите за спроведување на законот

[56] Николоска, С., Перење пари, Факултет за безбедност, Скопје 2015
[57] Николоска, С., Перење пари, Факултет за безбедност, Скопје 2015

- Проценка и користење на информациите добиени од централните национални банки
- Промовирање и спроведување на заеднички проект со други меѓународни организации и институции активни во одредени области на криминал
- Обезбедување поддршка на земјите членки во тековната меѓународна истрага при одредени случаеви.

Како дел од напорите за интернационална полициска заедница за спротивставување на организираниот криминал настанал и специјализиран огранок во полициското одделение на Генералниот секретаријат на Интерпол под името FOPAC[58]. Генералниот секретаријат и FOPAC како негов специјализиран огранок тесно соработуваат со другите интернационални организации со цел развој на свеста за потребата од користење на истражни методи во борба против организираниот криминал и други облици на криминал. Исто така, оваа соработка е насочена кон заедничко спротивставување на организираниот криминал во глобални рамки, развој на соработка и координација при имплементација на интернационалните програми кои имаат за цел одземање на имотна корист која е стекната со вршење на кривично дело.

4.4 Европол

Модерната технологија и располагањето со големи финансиски ресурси овозможуваат делување на криминалните групи ширум светот. Бидејќи организираниот криминал претставувал закана за сите граѓани на Европа, нивните слободи и права, неопходно било да се направи организација, која, како и криминалот, нема да познава граници при остварување на своите цели. Поради таа цел, а на иницијатива на Германија, создадена е EUROPOL, полициска организација на Европската унија. При реализација на својата цел, Европол соработувала со земјите членки на ЕУ, земјите кои се кандидати за членство во ЕУ, како и со органите за ред и мир.

Целите на Европол се многубројни и тие се одредени со член 2 од Конвенцијата со која се формира Служба за европска полиција. За разлика од полицијата во државите членки,

[58] FOPAC, француска кратенка за Fonds Provenant d`Activites Criminelles – Фондови стекнати на криминал, формиран од страна на Генералното собрание на Интерпол во Кан, 1983 година

Европол нема извршна моќ. Тој не може да задржи поединци, ниту може да спроведува домашна истрага. Негова задача е да ја олесни размената на информации, врши анализа и координира операции кои се однесуваат на повеќе земји членки.

Европол пред се претставува клуч за поврзување на надлежните органи на државите членки во борба против тероризмот, перењето пари, нелегалната трговија со дроги и останати форми на меѓународен криминал каде што постојат индикации дека се вклучени криминални структури на две или повеќе држави членки. Денешните закани се се поголеми и по опасни. Така покрај трговија со дрога, постои и проблем за спречување на трговијата со нуклеарни и радиоактивни супстанции, криумчарење на илегални имигранти, трговија со луѓе, човечки органи и отуѓување на моторни возила. При тоа сите овие видови на криминал се поврзани со нелегално перење пари.

За спроведување на своите цели, Европол ги врши следниве задачи[59]:

- Олеснување на размена на информации на земјите членки;
- Прибирање, обработка и анализа на информации;
- Известување на надлежните органи на државите членки, преку национални бироа, за информации кои ги засегаат и за било каква идентификувана поврзаност помеѓу криминалните прекршители;
- Помагање во истрагата на државите членки со проследување на сите релевантни информации на националните бироа;
- Водење на компјутерски систем со собраните информации.

Во однос на овие задачи, Европол може во согласност со неговите кадровски и буџетски ресурси кои ги има на располагање, и со ограничувањата одредени од страна на Управниот одбор, да им помогне на членките преку:

- Спроведување на обука на членовите на нивните надлежни органи;
- Организирање и подготовка на органите;

[59] https://www.europol.europa.eu/crime-areas-and-trends/crime-areas/economic-crime/money-laundering, посетено октомври 2025

- Спроведување на методи за превенција од криминал;
- Спроведување на технички и форензички полициски методи за истражувачки процедури.

4.5 Поврзаност помеѓу организиран криминал, перење пари и корупција

Перење пари има низа заеднички особини со некои типови криминални дејности. Пред сите, вниманието го привлекува односот со организираниот криминал и корупција. Исто така, многу значајно е и прашањето за односот меѓу финансирање тероризам и перење пари поради актуелностите на овој проблем на меѓународен план. Организираниот криминал може да се дефинира како вид на имотен криминал, а се карактеризира со постоење на криминални организации кои вршат континуирана економска дејност, користејќи при тоа насилство и корупција на органите за власт[60].

Неколку основни карактериистики на организираниот криминал се секогаш присутни, без оглед на разликите помеѓу индивидуалните групи и култури од кои потекнуваат, а на IX Конгрес на ОН во Каиро 1995 година, се наведени следниве карактеристики[61]:

- Постоење организирани групи за вршење кривични дела
- Хиерархиски односи во групата, што овозможува контролирање на водачот
- Насилство, заплашување и корупција се средства за остварување профит или контролирање на територијата и приходите
- Инфилтрирање во легална економија
- Способност за експанзија во било која нова активност надвор од националните граници
- Кооперација со други организирани транснационални групи.

Перењето пари, корупција и организиран криминал како видови на криминал се поврзани во меѓусебна причинско последична врска. Корупцијата и перењето пари

[60] Игњатовиќ, Ќ., Организовани криминалитет, Београд 1998
[61] Јовашевиќ, Д., Костиќ, М., Политика сузбијања криминалитета, Ниш 2012

претставуваат своевидна основа на активностите на криминалните организации. Економската потпора на моќта која на криминалните организации им овозможува вклучување во легални економски текови и корупција на органите на власт, се заснова на пари кои се добиени со незаконски дејности. Криминалниот профит е извор на економска моќ на организираниот криминал, се користи за стекнување на политичка моќ (корупција, финансирање на политички странки, вршење на валкани работи за државата и користење на други криминални методи), а политичката моќ повратно се користи за остварување на криминални цели.

Кога еднаш ќе се склучи договор помеѓу јавни службеници и криминални групи и поединци, службениците стануваат нивни клиенти, а во исто време криминалната организација станува клиент на корумпираниот службеник во смисла на административно фаворизирање и заштита на информации. Кога една од страните на договорот ќе се обиде да излезе од криминалниот однос, ја доведува во опасност другата страна, што не ретко се завршува со убиство на членовите на една или друга страна.

Корупцијата опфаќа посебни видови збогатување на поединци или групи, стекнување на материјална или друга корист на начин кој нема правна основа и која е во спротивност со моралното сфаќање на одредено општество, што директно се одразува со настапување на штетни последици во општеството. Многу автори под поимот корупција, во најтесна правна смисла, подразбираат примање и давање мито, како и посредување во овие активности.

Сето претходно наведено, ако се поврзе со карактеристиките на перење пари, може да се изведат одредени зклучоци. Корупцијата овозможува воспоставување и одржување на одредени криминални врски помеѓу државни и други органи и криминални структури, кои криминалните структури ги користат за свои нелегални работи, од кои токму една е и перењето на нелегално стекнати средства. Самото перење на валкани пари значително се олеснува ако перачите на пари имаат отворен пристап до финансиски институции и државни органи кои применуваат законски прописи за спротивставување на перење пари. Исто така, воспоставените врски со државните и финансиските структури го олеснуваат и инвестирањето на перените пари во реализација на различни деловни потфати во оние области на рабтење каде пресудно влијание имаат наведените структури.

Криминалните организации со корупција настојуваат себе да си осигураат некој вид на имунитет од кривично гонење така што своите врски со политичките структури ги користат за слабеење на државните капацитети за спротивставување на организираниот криминал. На кратко, организираниот криминал настојува со политичко влијание и корупција да оневозможи носење закони кои овозможуваат негово ефикасно сузбување, а за случај ако тие веќе се во примена, да оневозможи нивна доследна примена[62].

[62] Бошковиќ, Г., Организовани криминал, друго, измењено и допуњено издање, Београд 2014

ГЛАВА 5 АНАЛИЗА НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ВО ПОВЕЌЕ ЗЕМЈИ

5.1 Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам во Република Хрватска

Првиот Закон за спречување на перење пари во Република Хрватска е донесен во 1997 година. Исто така таа година донесен е Правилник за начинот и роковите за извесување на Уредот за спречување на перење пари и начинот на водење на прибраните податоци. Со измените и дополнувањата на Законот за спречување на перење пари од 2003 година прв пат за адвокатите, адвокатските друштва и јавните нотари им е воведена обврска за известување на Уредот за спречување перење пари во случаеви кога во својата професионална работа вршат финансиски трансакции или други трансакции со имот, а постои сомнеж дека се работи за перење пари.

Во текот на 2009 година во Хрватска се донесени девет правилници за спроведување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

На адвокатите и нивната законска обврска се однесуваат следниве правилници:

- Правилник за извесување на Уредот за спречување на перење пари за сомнителни трансакции и лица
- Правилник за начинот и роковите на известување на Уредот за спречување на перење пари за сомнителни трансакции и лица, како и водење на евиденција од страна на адвокати, адвокатски друштва, нотари, ревизорски друштва и самостојни ревизори и правни и физички лица кои вршат сметководствени работи и работи со даночно советување
- Правилник за одредување услови под кои обврзниците ги вбројуваат странките кои што претставуваат незначителен ризик за перење пари или пак финансирање на тероризам

Покрај наведените Закони за спречување на перење пари и правилникот, на појавата на перење пари, се однесуваат и следниве Закони:

- Закон за финансиски инспектори на РХ (NN. 85/08,55/11, 25/12)

- Закон за девизно работење (NN. 96/03, 140/05, 132/06, 150/08, 92/09, 153/09, 145/10, 76/13)
- Закон за кредитни институции (NN. 117/08, 74/09, 153/09, 108/12, 54/13, 159/1)
- Закон за платен промет (NN. 133/09, 136/12)
- Кривичен закон (125/11, 144/12)
- Закон за казнена постапка (NN. 121/11, 140712, 56/13, 145/13, 152/14) и
- Закон за одговорност на правни лица за казнени дела (NN. 151/03, 110/07, 45/11, 143/1).

5.2 Законодавство во Република Србија

Дефиницијата за перење пари која е пропишана во член 245 од Кривичниот закон, на Република Србија, се заснова на пристапот дека сите кривични дела можат да се претпостават и инкриминира „перење за себе“ и „перење за други лица“. Законската рамка за одземање на имот е сеопфатна и вклучува мери за безбедност со одземање предмети, одземање имотна корист, како и одземање на имот. Законот обезбедува преземање на итни мерки со цел спречување пренос или отстранување имот произлезен од кривични дело, преку забрана за располагање или привремено одземање на предмети, пари или хартии од вредност од обвинетиот. Од истиот е потребно да се одземе имотната корист или од трето лице на кое оваа имотна корист е пренесена.

Вршењето кривично дело се состои од повеќе алтернативно предвидени дејности. Тоа се конверзија или пренос на незаконски стекнат имот, прикривање на лажно прикажување на факти за имотот, стекнување, чување или користење на незаконски стекнат имот. Конверзија е претворање на една парична валута во друга, најчесто преку банки или овластени менувачници. Под пренос на имот се подразбира пренесување на имотни права или предмети кои имаат имотна вредност на некое друго физичко или правно лице. Втор можен облик е прикривање или лажно прикажување на факти за имотот. Прикривањето се прави со несторување, така што не се соопштуваат релевантните факти, додека лажно прикажување е давање невистински податоци за тие околности. Делото може да се изврши и со стекнување, чување или користење на имот. Стекнувањето е добивање на имот во свој посед со можност за располагање со истиот. Чувањето е фактичко располагање со имот,

додека користењето е секој начин на располагање со тој имот, како што се употреба, продавање, давање на подарок и друго[63]. Полесен облик на дело постои ако извршувањето е преземено од лице кое не знаело дека парите или имотот претставуваат приход остварен со кривично дело, но тоа можело и било должност да знае (несвесна небрежност).

Ова кривично дело има два потешки облици. Првиот потежок облик постои во случај на преземање акт на извршување, во однос на пари и имот чија вредност надминува 1500 000 динари. За овој облик на едло, кумулативно е пропишана казна затвор од една до десет години и парична казна. Друг тежок облик на дело постои ако актот на извршување е преземен од група. За овој облик на дело предвидена е исто така кумулативна казна затвор од две до дванаесет години и парична казна[64].

На субјективен план, за извршување на ова кривично дело, неопходна е умисла. Иако умислата треба да опфати и знаење дека имотот потекнува од кривично дело, тоа во законски опис експлицитно се бара кај сите три облици на извршување. Кај третиот облик на делото, тоа знаење треба да постои во времето кога се дошло до имотот. Освен знаење кај конверзија и пренос на имот, потребна е и намера да се прикрие или лажно да се прикаже незкаонското потекло на имотот.

5.3 Република Словенија

Република Словенија прво донела закон за препречување на перење пари во 1994 година[65], а потоа во Казнениот законик, во член 252 предвидела посебно кривично дело перење пари. Ова дело според законскиот опис има неколку облици на манифестирање. Основното дело го прави лице кое парите за кои знае дека се набавени со вршење на некое кривично дело ги прима, менува, чува или располага или го употреби во економски активности или на друг начин го стави во промет. Тука се инкриминирани различни начини на ставање во легален оптек „валкани“ пари при што сторителот е свесен за потеклото на

[63] Лазаревиќ, Љ., коментар кривичниг законика Републике Србије, Београд 2006
[64] Лазаревиќ, Љ., коментар кривичниг законика Републике Србије, Београд 2006
[65] Uradni list Republike Slovenije, broj 36/1994

тие пари. Тоа значи дека ова дело е предвидено само во однос на парите, а не и на другиот имот кој е стекнат незаконски. За овој облик пропишана е казна затвор до три години/

Перењето пари во кривичното право на Република Словенија има два потешки облици.

Ако делото е превземено во однос на пари со голема вредност (а која е таа голема вредност претставува фактичко прашање кое судот мора да го реши во секој конкретен случај имајќи ги во предвид сите околности на стореното дело и личноста на сторителот), постои потежок облик на ова дело за кое законот пропишал казна затвор до осум години и кумулативна парична казна. Во случај ако се здружат повеќе лица заради вршење една или повеќе дејности со перење пари, се работи за најтежок облик на ова кривично дело за кое е пропишана казна затвор од една до десет години затвор и кумулативно парична казна. Тука се работи за дело со посебна општествена опасност каде организираното вршење на една или повеќе (исти или различни) дејности од страна на десет или повеќе лица предвидено како самостојно дело на вршење за кое во законот е предвидено значително построго казнување.

Во сите претходни облици, се работи за смислено преземање на некое од законски забранетите дејности. Но, кривичниот закон предвидува одговорност и казнивост и кога едно лице преземе некоја дејност за управување со перење пари при што тоа не знаело, но можело да знае дека парите се набавени со кривично дело. Значи, обликот на вина претставува привилегирачка околност за која законот пропишува поблага казна. Во случај на извршување на било кој од наведените облици на кривично дело, словенскиот кривичен закон предвидува задолжително изрекување покрај казна и посебни видови кривични санкции, мерка на безбедност со задолжително одземање на предметот на извршување на кривичното дело перење пари.

5.4 Законодавството на Соединетите Американски држави

Во законодавството на САД се инкорпорирани одредби чија цел е спречување, откривање и процесуирање на перењето пари. Првиот сегмент е насичен кон обврски на известување за одредени финансиски трансакции, а вториот ги инкриминира активностите

насочени кон прикривање или трошење на незаконски пари. Физичкиот пренос на пари, инкриминиран е во неколку закони кои предвидуваат обврска за известување. Во овој сегмент од посебна важност е Законот за известување за готовински и девизни трансакции 31 U.S.C 5311 (1982) кој исто така е познат и како Закон за банкарска тајна.

Одредбите кои го инкриминираат перењето пари се одредбите од член 1956 и член 1957 на Осумнаесеттиот дел од кривичниот закон на САД (18 U.S.C. 1956-1957).

Член 1956 пропишува дека казненото дело перење пари во земјата се смета за сторено, кога обвинетиот[66]:

1. Знае дека одреден имот е добиена од одреден вид незаконска актигности
2. Има намера:
   - Да изврши одредени незаконски активности или
   - Да ја сокрие, прикрие природата, местото, изворот, сопственоста или контролата над приход од одредена незаконска активност или
   - Да избегне обврска за известување
3. Употребува имот кој е стекнат со незаконска активност
4. Извршува или се обидува да изврши финансиска трансакција со повреда на меѓудржавен имот.

Членот 1957 инкриминира вршење на секоја трансакција која изнесува повеќе од 10.000 долари како „имот произлезен од незаконска активност“. Крајна цел на наведената одредба е оневозможување на сторителот да ги троши незаконските пари или да ги вложи во банкарски систем, одредувајќи дека кривичното дело е направено од трето лице. Во доказна смисла, обвинителството е задолжено да докаже дека се користени повеќе од 10.000 долари од незаконски активности и дека сторителот знаел дека средствата се профит од некоја криминална активност, односно дека потекнуваат од некое казнено дело.

[66] Degabrielle,C., Međunarodni napori Sjedinjenih Američkih Država u borbi protiv pranja novca., Zagreb, 2001

5.5 Законодавство во Германија

Кај перењето пари вредноста на имотот кој е „перен“ во легална економија и финансиски кругови, само преку иницијатива и активност на банките, финансиските услужни дејности и осигурителните друштва, успешно може да се открие на начин што нотарите и адвокатите при учество во одредени работи (Закон за перење пари GwG – Geldwäschegesetz, кој потекнува од 1993 година) треба при уплата, трансакција од 15.000 евра на банкарски сметки, да го идентификуваат уплатувачот и сомнителната трансакција, независно од нејзината висина, да пријават до соодветните тела за казнено гонење и Bundeskriminalamt.

Во 2006 година имало околу 6.000 такви пријави. Од 2002 година и Финансиските институции имаат таква обврска за пријавување. Исто така голема улога има и Царинската управа, која при влез и излез на количина пари поголема од 15 000 евра, бара објаснување, за потеклото на парите.

Клучните елементи на политиката за борба против перење пари во Германија се засноваат врз германскиот Кривичен закон, Законот за перење пари и сет останати специфични закони, како што е Законот за банкарство. Со законот за перење пари во Германија е основана Финансиска известувачка единица во рамките на Сојузната криминалистичка полиција, до која се поднесува извештај за сомнителни трансакции, кои таа ги проверува и ги проследува до надлежните органи. Покрај тоа, контролата над финансиските трансакции проширена е во комбинација со воспоставување на централна база податоци во рамките на Сојузната канцеларија за банкарска супервизија[67].

[67] https://www.deutsche-finanzagentur.de/ , посетено октомври 2025

ГЛАВА 6 ПЕРЕЊЕ ПАРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

6.1 Законска регулатива во Република Северна Македонија

Процесот на перење пари не ја одминува ни Република Северна Македонија. Нашата земја во октомври 1993 година, се вклучува во активности за борба и превенција против перење пари, со ратификувањето на Виенската конвенција, Конвенцијата на ОН против незаконски промет со наркотични средства и психотропни супстанции од 1988 година. Во врска со меѓународниот режим против перење пари, тука се вбројуваат и одредбите од меѓународните документи, од кои произлегуваат многу обврски за државните институции и субјекти кои ги прифатиле тие документи.

Тука спаѓаат одредбите од:

- Конвенцијата на ОН против транснационален организиран криминал
- Стразбуршка конвенција, усвоена во 1990 година
- Конвенција за перење пари, откривање, заплена и конфискација на приноси од казниво дело и финансирање тероризам од 2005 година
- Директивата на Европската заедница од 1991 година за спречување на употребата на финансискиот систем за целите на перењето пари,
- 40-те Препораки на FATF за мерки кои треба да ги преземе секоја држава за успешно спротивставување на перењето пари.

Во 2001 година усвоен е Законот за спречување на перењето пари, со кој за првпат е поставена законската рамка во Република Северна Македонија, која што го регулира превенирањето на перењето пари.

Перењето пари е етапен процес на конверзија на приходите од нелегални активности во фондови кои потекнуваат од привидно законски извори, без да се открие нивниот вистински извор, природа или сопственост. За целите на зајакнување на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, досега во Република Северна Македонија се подготвени и реализирани пет стратешки документи, и тоа:

- Национална стратегија за борба против перењето пари и финансирањето на тероризам (2005-2008 година)

- Националната стратегија за борба против перењето пари и финансирање на тероризам (2009-2011 година)
- Националната стратегија за борба против перењето пари и финансирање тероризам (2012-2014 година)
- Националната стратегија за борба против перењето пари и финансирање тероризам (2015-2017 година) и
- Национална стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам (2017-2020)
- Национална стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам (2021-2024).

Република Северна Македонија има усвоено повеќе закони и измени на закони кои ја регулираат превенцијата и репресијата на перењето пари. Меѓу нив како поважни се издвојуваат следниве:

- Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело
- Закон за банките
- Кривичен закон.

6.2 Начини на спречување перење пари во банките

Субјектите кои се занимаваат со перење пари, често пати ги злоупотребуваат финансиските институции во функција на остварување на своите криминални цели. Пристапот до финансиските институции е од голема важност за криминалците, затоа што им овозможува трансфер на средства до други домашни или странски финансиски институции, размена на валути и претворање на приносите од криминал во различни финансиски инструменти и други средства. Банките се најзначајни финансиски институции кои често претставуваат цел на криминални групи за перење пари.

Со Одлука[68] на Народната банка на Република Северна Македонија, се определуваат начинот и постапката за воспоставување и примена на Програма на банката за спречување на перење пари и финансирање тероризам.

[68] http://www.nbrm.gov.mk, посетено октомври 2025

Програмата ги опфаќа следниве аспекти:

- Централизација на податоците за идентитетот на клиентите, ополнемоштените лица, овластените застапници и ополномоштувачите, како и на податоците на сомнителните трансакции
- Ги дефинира обврските и одговорностите на одговорното лице за спроведување на одредбите од Законот и Програмата
- Подготвува план за постојана обука на одговорното лице за спречување на перење пари и финансирање на тероризмот и на другите вработени
- Поставува инструменти за внатрешна проверка на спроведувањето на мерките и дејствијата. [69]

Централизираната база на податоци во банките има значење за обезбедување анализа на клиентите, идентификување и верификување на клиентите, крајните сопственици и ополномоштените лица, информации за целта и намерата на деловните односи и постојано следење на деловните односи со клиентите. Корист од воспоставена централизирана база има и при следење на одредени трансакции, готовински трансакции, сомнителни трансакции и поврзани готовински трансакции.

Банките исто така се задолжени за чување на анализи и писмени извештаи, податоци и информации кои се добиени во текот на идентификувањето, верификувањето и следење на клиентот и трансакциите кои ги врши. Лицето кое е одговорно во банката за овие активности одговара пред Управниот одбор со цел успешно остварување на надлежностите за спречување на перење пари. Одговорното лице е одговорно за следниве работи:

- Врши анализа на ризиците од перење пари
- Ги прибира сите невообичаени трансакции доставени од разни делови на банката
- Обезбедува информации и документација за сите пријавени трансакции до Управата, како и трансакции за кои е одлучено да не се пријавуваат до Управата, како и причините за нивно непријавување
- Организира постојана обука за вработените за сите карактеристики поврзани со перење пари

[69] Програма за спречување перење пари и финансирање на тероризам, НБРМ, Скопје 2014

- Воспоставува насоки и упатства за правилна примена на прописи, одржување редовни контакти со другите органи и институции кои се вклучени во процесот на спречување на перење пари.

Од големо значење е постојаното обучување на одговорните лица за спречување перење пари, како и на останатите вработени кои директно или индиректно се инволвирани во работа со клиенти или вршење трансакции на годишно ниво. Банките изготвуваат профил на ризик за секој клиент со кој воспоставуваат деловен однос, со тоа и систем за проценка на ризикот. Најчесто се јавува ризик од земјата на потекло, ризик од профил на клиент и ризик од продукт или услуга. Исто од голема важност е дека банките треба да имплементираат и инструменти за внатрашна проверка на спроведувањето на мерките и дејствијата како едно од клучните задачи на банката.

6.3 Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам

Перењето пари е инкриминирано како посебно кривично дело „Перење пари и други приноси од кривично дело“ во член 273 од Кривичниот законик на Република Северна Македонија, според кој

„*тој што ќе пушти во оптек или промет, прими, преземе, замени или раситни пари или друг вид имот што го прибавил со казниво дело или за кој знае дека е прибавен со казниво дело, или со претворање, промена, пренос или на друг начин ќе прикрие дека потекнува од таков извор или ќе ја прикрие неговата локација, движење или сопственост, ќе се казни со затвор од една до десет години“.*

Со Законот за спречување перење пари се уредуваат мерките, дејствијата и постапките кои што субјектите и надлежните органи и тела ги преземаат со цел откривање и спречување на перење пари, дела поврзани со финансирање тероризам. Според член 2 од законот, перење пари претставуваат дејствија предвидени со Кривичниот законик како кривично дело перење пари и други приноси од казниво дело, а принос од казниво дело е дефиниран како имот или корист прибавени или добиени непосредно, или посредно, со извршување на казниво дело. Приносот од казниво дело опфаќа и принос од казниво дело

сторено во странство, под услов во моментот кога е сторено делото, истото да е предвидени како казниво и според законите на државата во која е сторено и според законите на Република Северна Македонија.

Според член 5 од законот, субјекти кои имаат обврска да ги преземат мерките и дејствијата за откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам, се следниве:

1. Финансиски институции и подржуници, филијали и деловни единици на странски финансиски институции кои согласно со закон вршат дејност во Република Северна Македонија
2. Правни и физички лица кои ги вршат следните услуги:

- Посредување во промет со недвижности
- Ревизорски и сметководствени услуги
- Давање совети од областа на даноците
- Давање на услуги како инвестиционен советник
- Давање на услуга за организирање и спроведување на аукции.

3. Нотари, адвокати и адвокатски друштва кои вршат јавно овластување согласно со закон
4. Приредувачи на игри на среќа

- Лотариски игри на среќа
- Игри на среќа во казино
- Игри на среќа во обложувалница
- Игри на среќа во автомат клуб
- Електронски игри на среќа
- Томбола од затворен тип и
- Интернет игри на среќа.

5. Даватели на услуги на трустови или правни лица
6. Централен депозитер за хартии од вредност и
7. Правни лица кои вршат дејност на примање во залог на подвижни предмети и недвижности.

Во член 8 се опфатени мерките за откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам, а тие се следниве:

- Изготвување на проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам и нејзино редовно ажурирање
- Воведување и примена на програми за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам
- Анализа на клиентите
- Известување и доставување на податоци, информации и документација до Управата согласно со одредбите од законот и подзаконските акти донесени врз негова основа
- Именување на овластено лице и негов заменик и/или формирање на оддел за спречување на перење пари и финансирање на тероризам
- Спроведување на внатрешна контрола
- Други мерки кои произлегуваат од одредбите на овој закон.

6.4 Државни органи за спречување на перење пари

За ефикасна имплементација на правната рамка за борба против перењето пари и финансирањето на тероризам, воспоставена е институционална рамка, која генерално ја сочинуваат следните органи и тела[70]:

- Управа за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, која извршувајќи ги своите надлежности дејствува како централен орган надлежен за прибирање, обработка и доставување на податоци за целите на спречување на перење пари и финансирање на тероризам
- Министерство за внатрешни работи, Управа за финансиска полиција и Јавно обвинителство за борба против организиран криминал - органи кои постапуваат по извештаите доставени од страна на Управата за целите на спречување на перење пари и финансирање на тероризам
- Царинска Управа- како орган кој го следи внесувањето и изнесувањето на готовина од Република Северна Македонија,

[70] Национална стратегија за борба против перење пари и финансирање тероризам (2012-2014)

- Органите кои вршат надзор над примената на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам од страна на субјектите: Народната Банка, Агенцијата за супервизија на осигурување, Комисија за хартии од вредност, МАПАС, Управа за јавни приходи и Агенција за пошти.

6.5 Субјекти на мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам

Секоја држава треба да презема мерки за спречување перење пари и на финансирање на тероризам. Тие мерки имаат за цел зголемување на свеста на институциите и на приватниот сектор за борбата против перењето пари и финансирањето на тероризмот и креирање соодветни инструменти за борба против овој вид на криминал. стандардите и мерките се поставени од меѓународни тела кои се занимаваат со проблематиката на борба против перење пари и финансирање на тероризам постојано се развиваат и дополнуваат во согласност со откриените случаеви на перење пари и финансирање тероризам. Услугите кои ги нудат одредени правни и физички лица, а кои често се злоупотребувани од страна на криминалците, довеле до поставување на стандарди во однос на примена на одредени мерки дејствија од страна на тие лица, со цел да се спречат, колку што може повеќе, нелегалните активности на перење пари и финансирање на тероризмот. Сите правни и физички лица кои треба да применуваат вакви мерки, се вбројуваат во категоријата на обврзани субјекти. Управата редовно ги следи стандардите во однос на определувањето на категоријата на субјекти, како и нивните обврски и истите ги имплементира при подготовката на законските и подзаконските прописи[71].

Во текот на 2023 година Управата има идентификувано вкупно 5275 субјекти задолжени да преземаат мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Во табелата е даден приказ на субјектите задолжени да преземаат мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, по вид и број, споредбено во 2022 и 2023 година.

[71] Годишен извештај за работата на Управата за финансиско разузнавање за 2023 година, Министерство за финансии, Управа за финансиски разузнавање, 2024

Табела 4. Субјекти задолжени за преземање мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање тероризам

Субјекти задолжени да преземаат мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам			
Р.бр	Вид на субјект	Број на субјекти во 2022 година	Број на субјекти во 2023 година
1	Банки	13	13
2	Штедилници	2	2
3	Менувачници	248	252
4	Даватели на услуги брз трансфер на пари	8	8
5	Субагенти за брз трансфер на пари	267	251
6	Друштва за осигурување	5	6
7	Брокерски куќи	5	5
8	Друштва за управување со отворени и затворени инвестициски фондови	5	5
9	Друштва за управување со приватни инвестициски фондови и приватни фондови	13	13
10	Друштва за инвестиционо советување	1	1
11	Друштва за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови	4	4
12	АД Пошта на Северна Македонија	1	1
13	Други правни или физички лица кои согласно закон вршат една или повеќе активности во врска со одобрување кредити, издавање електронски пари издавање и администрирање на кредитни картички и други финансиски активности	34	35
14	Даватели на финансиски лизинг	8	7

15	Агенции за посредување на промет со недвижности	139	151
16	Друштва за ревизија	45	42
17	Друштва за сметководство	1898	1937
18	Адвокати и адвокатски друштва	1849	1917
19	Нотари	206	198
20	Приредувачи на игри на среќа во казино	6	6
21	Приредувачи на игри на среќа во обложувалница	8	7
22	Приредувачи на игри на среќа во автомат клуб	28	32
23	Приредувачи на електронски игри на среќа	1	1
24	Приредувачи на интернет игри на среќа	1	1
25	Приредувачи на игри на среќа, лотариски игри на среќа	1	1
26	Приредувачи на игри на среќа, томбола од затворен тип	0	0
27	Правни лица кои примаат во залог подвижни предмети и недвижности	12	12
28	Правни лица кои посредуаат при микроплаќање	1	1
29	Централен депозитер за хартии од вредност	1	1
30	Даватели на услуги на трустови или правни лица	0	0
31	Правни и физички лица кои даваат услуги за организирани и спроведување на акции	0	0

32	Лица кои тргуваат или дејствуваат како посредници во трговија со уметнички дела	/	0
33	Лица кои складираат, тргуваат или кои дејствуваат како посредници во трговија со уметнички дела, кога активноста се врши во слободни зони	/	0
34	Правни лица чија дејност е купопродажба на нови возила	244	244
Вкупно		5223	5275

Според податоците на Државниот завод за статистика, во период од 2019 до 2024 година, за кривичното дело Перење пари и други приноси од казниво дело, обвинето било вкупно 31 лице, од кои 4 добиле осудителна пресуда. Највисоката изречена казна за кривичното дело е казна затвор од 5 години за 2 лица. Парични казни не се изречени, ниту има обвинети правни лица за ова кривично дело.

Табела 5. Обвинети полнолетни лица за кривичното дело Перење пари

	Перење пари и други приноси од казниво дело	
Година	Вкупно обвинети лица	Осудителна пресуда
2019	/	/
2020	/	/
2021	6	/
2022	10	/
2023	3	2
2024	12	2

Извор: Државен завод за статистика

ЗАКЛУЧОК

Современиот организиран криминал во однос на традиционалните форми се разликува по тоа што се јавува во голем број облици и по тоа што непречено открива нови области кои може да бидат извор на криминален профит. Повеќето постоечки видови организиран криминал меѓусебно се поврзани и испреплетени и во директна или индиректна причинско последична врска. Се случува една криминална организација да врши криминални операции во повеќе различни области или да постои соработка, со цел остварување на заеднички криминални цели, помеѓу криминални организации кои се занимаваат со различни видови криминални дејности.

Појавните облици на криминал во економско финансиското работење непрекинато се приспособуваат и усовршуваат во однос на техничко технолошкиот напредок и развој на економските односи што бара и постојано усовршување на мерките кои ги преземаат надлежните органи на превентивен и репресивен план во спротивставување на организираниот криминал. Земјите во транзиција со недоволно изградени институции за борба против организиран криминал претставуваат привлечен терен за кримиални организации кои константно трагаат по нови центри за перење пари. На тие земји им се неопходни инвестиции за да ја покренат својата економија. Во групата на тие земји спаѓа и нашата.

Перењето пари, само по себе е исклучително негативна општествена појава која за своето настанување и развој користи поволни услови во даденото општество и време, константно се развиваат и примаат нови форми. Како појава има тенденција се повеќе да се интернационализира и прима облик на транснационален организиран криминалитет, приспособувајќи се на можностите кои постојат не само во една земја, туку и на меѓународен план. Облиците на оваа организирана криминална дејност не се секогаш лесно воочливи и препознатливи, за што зборуваат и многу примери од пракса, што секако значително ги отежнува, како националните, така и меѓународните напори во преземае на мерки за ефикасно спречување и сузбивање на оваа појава.

Врз основа на се изложено во трудот, може да се констатира дека не постои единствена дефиниција за перење пари на меѓународен план, но дека бројни автори како домашни, така и странски, се сложуваат околу одредени елементи кои го карактеризираат перењето пари како кривично дело и како општествена појава. Кога се работи за законското одредување на кривичното дело перење пари, може да се воочи дека самиот факт дека перењето пари станало сериозен меѓународен проблем, ја наметнал потребата и во националните законодавства да ги усогласат своите законски одредби со меѓународните конвенции кои ги регулираат прашањата за перење пари. Тоа значи дека и нашата, како и останатите земји во регионото, ги следат современите тенденции на земјите во светот кои се однесуваат на сите аспекти на спречување и сузбивање на оваа негативна појава.

Што се однесува на односот на перење пари со организираниот криминал и корупција, може да се заклучи дека перењето пари и корупцијата се јавуваат како една од функциите на организиран криминал во негово настојување на стекнување криминален профит кој претставува избор на негова економска моќ. На тој начин, организираниот криминал се повеќе станува неформален центар на финансиска моќ. Што се однесува на врската со финансирање терористички активности, тука работата е јасна, валкани пари во рацете на криминални организации може да послужат како средство за финансирање терористи заради остварување на цели кои криминалните организации не можат да ги остварат со активности кои ја сочинуваат суштината на нивниот модус операнди.

Во исто време и самите терористички организации може да се занимаваат со перење пари за да дојдат до неопходни финансиски средства. Самите последици од перењето пари се многубројни и се јавуаааат во различни облици и на различни начини, но сите заедно имаат еден заеднички ефект во однос на државата и меѓународната заедница кој се гледа во дестабилизација и преобразување на постоечката социјална структура за создавање нови општествени групи богаташи.

На крај, може да се заклучи дека процесот на перење пари претставува сложен, динамичен и сериозен предизцик како за државите, така и целата меѓународна заедница. Националните стратегии не се доволни за борба против овој проблем. За успешно спротивставување потребни се наднационален пристап и стратегија за борба со овој проблем. Поради неговиот транснационален карактер, прикриено вршење, способност за

приспособување на различни општествени промени, текови и време и многу други особини, усогласување на прописите врзани за пружање на правна помош во истрагата, гонење во судски постапки и меѓународна соработка се една од основните претпоставки за успешна борба.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Арнаудовски, Љ., Криминологија, Штип 2007
2. Boskovic, G., Pranje novca, Beograd, 2005
3. Boskovic, M., Transnacionalni organizovani kriminalitet, Beograd 2003
4. Brcanski, B., Osnovne karakteristikie I posledice pranja novca na globalnom trzistu, Ekonomski fakultet Novi Sad, 2011
5. Bell, R., E., An introductory for money laundering investigators, Journal of money laundering control, London, 2002
6. Basel committee of banking supervision, Customer due diligence for banks
7. Бјелајац, Ж., Специфичности феномена прање новца, Мегатренд ревија, 2012
8. Бошковиќ, Г., Организовани криминал, друго, измењено и допуњено издање, Београд 2014
9. Bošković, M., "Pranje novca kao kriminološki i krivično-pravni problem", Novi Sad, 2009
10. Barlet, B.I., The negative effects of money laundering on economic development, 2002
11. Цветковиќ, Д.М., Обрадовиќ, М., Економски аспект прање новца и проблем његове квантификације, Сл.гласник Србије, 2012
12. Cukic, U., Pranje novca i compliance funkcije, Beograd 2014
13. Cindori, S., Sustav sprjecavanja pranja novca, Zagreb, 2010
14. Cindori, S., Improvement of the Croatian anti-money laundering system and its adjustment to the international standards, Zagreb, 2009
15. Classens, R., Corporate values and prevention of money laundering, 2006
16. Claessens, R., Sprecavanje pranja novca, Udruzenje banaka Srbije, Beograd 2006
17. Claessens, R., Money laundering, 2000
18. Cindori, S., Unapredenje sustava sprecavanja pranja novda RH I uskladivane s medjunarodnim standardima, Zagreb 2009
19. Cindori, S., Petrovic, T., Indikatori rizicnosti bankarskog sektora u okvirima prevencije pranja novca, Split 2016
20. Cox, D., Handbook of Anti money laundering, Wiley, Chichester, 2014

21. Degabrielle,C., Međunarodni napori Sjedinjenih Američkih Država u borbi protiv pranja novca., Zagreb, 2001
22. Dinic, J., Pranje novca kao ekonomka dimenzija terorizma, Beograd, 2016
23. Давкова, Л., Откривање и докажување на кривичното дело перење пари и други приноси од казниво дело во Р. Македонија
24. Дупчинова, С., Процесот на спречување на перење пари во РМ и во светот, Прилеп, 2012
25. Dokic, S., Kriminalisticko istrazivanje kaznenog djela pranja novca, Rijeka, 2017
26. Esoimeme, E.E., The risk-based approach to combination money laundering and terrorist financing, 2015
27. Ефремова, В., Цветанов, В., Стратегија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Скопје 2008
28. Financial stability forum, Report of the working group on Offshore centers, 2000
29. Financial action task force, Report on money laundering typologies for 2001-2002, Paris
30. Giunio, M., Mjere za sprecavanje pranje novca, Slobodno poduzetnistvo, vol.5, br.5, 1998
31. Gilmore, W., C., Dirty money, the evolution of international measures to counter money laundering and the financing of terrorism, Council of Europe, 2004
32. Годишен извештај за работата на Управата за финансиско разузнавање за 2023 година, Министерство за финансии, Управа за финансиски разузнавање, 2024
33. Hersak, G.B., Pranje novca I policija, Policija I sigurnost, vol.2, br.3-4, 1993
34. Hrustic, H., Oblici poslovanja u zemljama poreskog raja, Pravo I privreda, Beograd 2008
35. Irvin, A.S.M., An analysis of money laundering and terrorism financing typologies, Journal of money laundering control, vol.15, br.1, 2011
36. Игњатовиќ, Ќ., Организовани криминалитет, Београд 1998
37. Јовашевиќ, Д., Костиќ, М., Политика сузбијања криминалитета, Ниш 2012
38. Jovanovic, G, Medjunarodno poslovno finansiranje, Ekonomski fakultet, Beograd, 2010
39. Камбовски, В., Наумовски, П., Корупцијата-најголемо општествено зло и закана за правната држава, Скопје, 2002
40. Кошевалиска, О., Максимова, Е., Организиран криминал и корупција (скрипта), УГД, Штип, 2018
41. Klasens, R., Sprecavanje pranja novca, UDS, Beograd, 2006

42. Kramaric, I., O pravnim aspektima pranja novca, Odvjetnik, vol.69, br.3-4, 1998
43. Lilley, P., Dirty dealing, the unfold truth about global money laundering, London 2000
44. Лазаревиќ, Љ., коментар кривичниг законика Републике Србије, Београд 2006
45. Лековска, С., Органи и институции надлежни за спречување на перење пари, 2014
46. Levi, M., Evaluating the control of money laundering and its underlying offences, vol.15, br.2, 2000
47. Mills, A., Essential strategies for financial services compliance, John Wiley & Sons, West Sussex, England, 2008
48. Мединге р, Ц., Перење пари-водич за кривични иследници, Скопје 2009
49. Matijasevic, J., Pranje novca, aktuelni oblik organizovanog kriminala, manifestacije, metodi I posledice, Novi Sad, 2010
50. Marriage, A, Secret structure, hidden crimes, Urgent steps to address hidden ownership, 2013
51. Национална стратегија за борба против перење пари и финансирање тероризам (2012-2014)
52. Национална стратегија за борба против перење пари и финансирање тероризам (2021-2024)
53. Николоска, С., Перење пари, Факултет за безбедност, Скопје 2015
54. Николоска, С., Методика на истражување на економско финансиски криминалитет, Ван Гог, Скопје, 2013
55. Novoselec, P. Uvod u gospodarsko kazneno pravo, Zagreb 2009
56. Orlovic, A., Gospodarsski kriminalitet u RH, REDAK, Split 2013
57. Perojevic, L., Analiza tipologija pranje novca, Split 2021
58. Preporuke FATF, Organizacija za kontrolu I sprecavanje pranja novca, 2012
59. Pavlovic, A., Mere prevencije I suzbijanja pranja novca I finansiranja terorizma, Beograd 2017
60. Pedic, Z., Neprofitni sektor I rizik od financiranja terorizma, Ekon misao i praksa, vol.19, no.1 2010
61. Програма за спречување перење пари и финансирање на тероризам, НБРМ, Скопје 2014

62. Review of FATF Anti money laundering Systems and mutual Evaluation procedures, 1992-1999, Paris
63. Richards, R., J., Transnational criminal organizations, cybercrime and money laundering, London, 1999
64. Сандиќ, К., Феномен финансирања тероризма путем прања новца и успостављање делотворног система контрамера, Војно дело, 2012
65. Станковиќ, Н., Тероризам и финансирање тероризма, Брчко, 2014
66. Stakic, B., Medjunarodne finansije, Beograd 2010
67. Трајкоски, Г., Спречување на перење на пари кај финансиските институции, Академски печат, Скопје, 2011
68. Тоневски, Д., Перењето пари, нивното влијание врз националните економски перформанси и преземање на неопходните мерки од превенција, со посебен осврт на Република Македонија, Штип 2016
69. Тасева, С., Перење пари, Скопје 2003
70. Џуклески, Г., Економска криминалистика, Скопје 2007
71. Money laundering control, Act public law 99-570, 1986, достапно на https://www.facebook.com/share/p/16gPxr3g3F/
72. United Nations (1998), Financial havens, Banking secrecy and money laundering
73. Uradni list Republike Slovenije, broj 36/1994
74. US Department of Treasury, Financial crimes enforcement network, Washington, 2014
75. Wouter, H., Christian, H., John, G., Anti money laundering, international law and practice, John Wiley & Sons, England, 2007
76. Чапрагоски, Ц., Чоневски, А., Перење пари и финансирање тероризам во глобалниот криминалитет, Скопје, 2011
77. Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам (Службен весни на Република Северна Македонија број 151/2022 од 04.07.2022 година)
78. Convention on Laundering, Search, Seizure and Confiscation of the Proceeds from Crime and on the Financing of Terrorism, Council of Europe, Strasbourg, 16 May 2005.
79. Кривичен законик, Службен весник на РМ, 37/96
80. United Nations Convention Against Transnational Organized

81. Council of Europe Committee of Experts on the Evaluation of Anti-Money Laundering Measures and the Financing of Terrorism (MONEYVAL) - Committee of Experts on the Evaluation of Anti-Money Laundering Measures and the Financing of Terrorism
82. https://www.state.gov/j/inl/rls/nrcrpt/2015/vol2/239473.htm
83. EUR-Lex - 31991L0308 - EN
84. https://www.europol.europa.eu/crime-areas-and-trends/crime-areas/economic-crime/money-laundering
85. https://www.deutsche-finanzagentur.de/
86. http://www.nbrm.gov.mk